Овие Упатства за Глобално Образование се резултат на потребата искажана од Неделата на Глобалното Образование, практикувачите да имаат заедничка алатка која би им помогнала на глобалните воспитувачи да го разберат и спроведат глобалното образование

Упатствата за Глобално Образование се иницијатива на Програмата за Глобално Образование на North-South Центарот на Советот на Европа, која вклучува тим на практикувачи од Мрежата на Неделата на Глобалното Образование на North-South Центарот

УПАТСВА ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

NORTH-SOUTH ЦЕНТАР НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

www.nscentre.org



# УПАТСВА ЗА ГЛОБАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ ДА ГО РАЗБЕРАТ И ИМПЛЕМЕНТИРААТ ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# УПАТСТВА ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## КОНЦЕПТИ И МЕТОДОЛОГИИ ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОСПИТУВАЧИ И КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ

РАЗВИЕНА ОД НЕДЕЛАТА НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ВО КООРДИНАЦИЈА СО NORTH-SOUTH ЦЕНТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Издадено од  North-South Центарот на Советот на Европа – Лисабон 2008
Прво издание 2008 – Надградена верзија 2012

Напишано од страна на Работната Група на Упатствата за Глобалното Образование: Alicia Cabezudo, Christos Christidis, Miguel Carvalho da Silva, Valentina Demetriaodu – Saltet, Franz Halbartschlager, Georgeta Paula – Mihai

Координирано од Miguel Carvalho da Silva

# СОДРЖИНИ

**Предговор & Признанија** 4
**Вовед** 5
**Контекст** 6

**Глава А – Што е Глобално Образование?** 11
Дефиниции и Декларации 12
Глобалното Образование како Трансформативен Процес на Учење 17

**Глава Б – Зошто Глобално Образование?** 21
Нашиот Свет денес: глобализиран свет 22
Учење за нашето Глобално Општество 23
Цели 24

**Глава Ц - Поими** 27
Знаења – предложени содржински области 30
Вештини 31
Вредности и Ставови 33

**Глава Д - Методологија** 37
Основите за методологијата на глобалното образование 38
Методолошки пристапи во глобалното образование 41
Битни точки во практикувањето на глобалното образование 43
Методи за практикување на глобалното образование 51
Критериуми за планирање и евалуација на постапките на глобалното образование 61
Критериуми за избирање и евалуација на ресурсите 64
Критериуми за дизајнирање на наставните програми за формалните и неформалните поставки 68
Евалуација 73

**Глава Е – Користена литература & Извори** 85
Референции 86
Извори за учење на Глобалното Образование 89
Образовни извори на Советот на Европа 90

Прилог 1 – Мастришката Декларација за Глобалното Образование 91
Прилог 1I – Повелбата за Глобалното Образование 99

# ПРЕДГОВОР & ПРИЗНАНИЈА

Овој документ треба да се смета како водич за разбирање и практикување на глобалното образование, исто така и како педагошка алатка за обука за да помогне во воспоставувањето на пристапи на глобално образование каде што тие сеуште не постојат и да ги збогати постоечките. Неговата содржина е формирана имајќи ги предвид теренските практики и референци и културните, географските, социјалните и економски реалности.

Напишан е врз претпоставката дека образовните процеси во формалните и неформалните поставки би требало да ја отворат патеката кон подобро разбирање на се повеќе глобализираниот свет. Тој исто така покренува битни прашања за стручните одговорности на воспитувачите и наставниците и улогата на школите и разните организации и институции во подигањето на глобалната свест и знаењето за проблемите низ целиот свет, преку наставната програма и во неформалните проекти и активности.

Авторите сакаат да го изразат своето задоволство со партиципативниот процес кој води кон пишувањето на овие упатства и на можноста да се разговара и допринесе во развојот на Глобалното Образование, бидејќи Упатствата за Глобално Образование ги одразуваат перспективите на многу различни чинители. Вклучувањето на различни а понекогаш и спротиставени ставови и мислења во документот беше истовремено и предизвикувачко и збогатувачко.

Благодарение до сите оние кои придонесоа на еден или друг начин за реализирање на овој документ, имено членовите на мрежата на Неделата на Глобалното Образование и партнерите кои љубезно прифатија да дејствуваат како критички пријатели.

# ВОВЕД

Овие Упатства за Глобално Образование се резултат на потребата изразена од мрежата на практикувачите на глобалното образование на North-South Centre (NSC) - Мрежата на Неделата на Глобалното Образование - да има заедничка алатка, изградена врз искуството стекнато од страна на мрежата и другите партнери, за поддршка на воспитувачите во разбирањето и успешното спроведување на глобалните образовни иницијативи.

Преку нудење на перспективи за глобалното образование, како и на поврзани методи и критериуми за оценување – вклучувајќи и размена на практики, на алатки и ресурси – овие Упатства имаат за цел зајакнување на целокупната работа за глобалното образование. Упатствата исто така имаат за цел да ги поддржат практикувачите во формалните и неформалните образовни поставки преку воведување на општи елементи кои може да се развијат од нивна страна според потребите и врз основа на нивното лично искуство; да им помогне во идентификување на постојните пристапи и практики на глобалното образование; да ги поддржи да размислат и да станат посвесни за нивните активности за глобалното образование; да ја зголемат практиката на споделување на глобалното образование и да создаде синергија помеѓу засегнатите страни; да придонесе за образовните политики на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.

Упатствата за Глобалното Образование се иницијатива на Програмата за Глобално Образование на North - South Центарот на Советот на Европа, која вклучува тим на воспитувачи од Мрежата на Неделата на Глобалното Образование кои го конституираа тимот за изготвување со мандат за колективно изготвување на Упатствата за Глобалното Образование. Процесот на пишување вклучуваше еден партиципативен метод во низа нивоа на консултации помеѓу воспитувачите и практикувачите на глобалното образование, активно вклучени во програмите за глобално образование и младинските програми на North-South Центарот. Покрај тоа, беше идентификувана една Група на Ментори меѓу Европските и меѓународните партнери на НЦС, која меѓу другото опфаќаше еден тим на обучувачи од Универзитетот на НСЦ за Млади и Развој.

Темите презентирани во Упатствата имаат за цел да ги појаснат основните прашања поврзани со глобалното образование; тие сугерираат стратегии за тоа како да се изградат содржини; да се нудат насоки за методите, дизајнираат и евалуираат наставни програми, исто така содржат и список на корисни контакти, линкови и библиографија.

Упатствата треба да се сметаат за континуиран процес на еволуција, кој треба редовно да се ревидира со нови идеи, внесови и практики донесени од различни партнери и нивните искуства.

Постои отпечатена верзија на Упатството, како и електронска верзија на располагање на веб страницата на North-South Centre www.nscentre.org. Електронската верзија има дополнително поглавје во кое се прикажуваат корисни линкови за глобалното образование, кои се редовно ажурирани.

# ИСТОРИЈАТ

## NORTH-SOUTH ЦЕНТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

- *North-South Центарот (NSC), официјално наречен Европскиот Центар за Глобална Меѓузависност и Солидарност, е Делумен Договор на Советот на Европа. Тој има 22 држави членки: Азербејџан, Кариби, Кипар, Финска, Германија, Грција, Светата Столица (Ватикан), Исланд, Италија, Ирска, Лихтенштајн, Луксембург, Малта, Црна Гора, Мароко, Норвешка, Португалија, Сан Марино, Србија, Словенија, Шпанија и Шведска. Мандатот на North-South Центарот на Советот на Европа е да обезбеди рамка за Европска соработка создадена за подигање на јавната свест за прашањата околу глобалната меѓузависност и за промовирање на политики на солидарност во согласност со целите и начелата на Советот на Европа, почит за човековите права, демократија и социјална кохезија. Работата на North-South Центарот е базирана врз три начела: дијалог, партнерство и солидарност. Владите, парламентите, локалните и регионалните власти и организациите на граѓанското општество се партнери на квадрилогијата и се вклучени во активностите на Центарот. Центарот врши студии и организира дебати, работилници и курсеви за обука. Дејствува како катализатор, преку олеснување на состаноци помеѓу актери од различни хоризонти и земји, кои работат на прашања од заеднички интерес и преку поттикнување на формирање на мрежи.*

**Активностите на North-South Центарот вклучуваат две линии на дејствување:**

- *подигање на Европската свест за прашањата на глобалната меѓузависност и солидарност преку образовни програми и програми за младите;*
- *промовирање на политиките за солидарност на North-South во согласност со целите и начелата на Советот на Европа, преку дијалог помеѓу Европа, Земјите од Јужниот Медитеран и Африка.*

## ПРОГРАМАТА ЗА ГЛОБАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА NORTH-SOUTH ЦЕНТАРОТ

Што се однесува на глобалното образование, целта на North-South Центарот е да развие, подобри и одржува стратегии и да гради капацитети за глобалното образование, да ги таргетира институциите и практичарите од обласа на глобалното образование во формалниот и неформалниот сектор.

Оваа работа се основа врз убедувањето дека глобалното образование е холистичко *“образование што им ги отвора очите и умовите на луѓето за реалноста на светот и ги буди за создавање на еден свет на поголема правда, еднаквост и човекови права за сите”*[1].

Имајќи го горенаведеното предвид, “Глобалното образование се подразбира да го опфати Развојното Образование, Образованието за Човековите Права, Образованието за Одржлив Развој, Образованието за Мир и Спречување на Конфликти и Интеркултурното Образование; и да претставува глобална димензија на Образованието за Граѓанство[2].

Програмата за Глобално Образование на North-South Центарот го промовира, подобрува и засилува овој вид на образование во земјите членки на Советот на Европа како и на глобално ниво. Оваа програма е заснована врз препораките и исходите од конференциите кои North-South Центарот ги организираше во Атина (1996), Будимпешта (1999) и Мастрихт (2002).

Идејата за Повелбата на Глобалното Образование за земјите членки на Советот на Европа произлезе на меѓународната работилница за Партнерство во Глобалното Образование – Глобалното Образование во Средните Училишта организирана од North - South Центарот заедно со Министерството за Образование и Верски Прашања на Република Грција во Атина, во март 1996 година. Повелбата за Глобалното Образование беше донесена во 1997 година, како прв референтен документ на North-South Центарот за Глобалното Образование.

Од Конференцијата во Будимпешта, ***Поврзување и учење за глобалните промени***, јуни 1999 година, North-South Центарот разви механизам за вмрежување за практичарите од земјите членки на Советот на Европа да споделат стратегии и практики за зголемување и подобрување на глобалното образование. Овој механизам беше формализиран и мрежата на Неделата на Глобалното Образование ја оддржа својата прва средба во Лисабон во 2000 година. Овој вмрежувачки пристап е поддржан од страна на Неделата на Глобалното Образование - годишен се-Европски настан за подигање на свеста за поттикнување на практикувањето на глобалното

1 Мастришката Декларација за Глобалното Образование, 15-17 Ноември 2002 година. Дефиницијата првобитно беше формулирана за време на годишната “Средба на Мрежата на Неделата на Глобалното Образование” во Кипар, 28-31 Март 2002

2 Мастришката Декларација за Глобалното Образование, 15-17 Ноември 2002 година, види Прилог 1

образование во формалното, неформалното образование и во неформалните образовни средини. Неделата на Глобалното Образование е координирана со поддршка на Мрежата на Неделата на Глобалното Образование и поддржана со една интерактивна веб страница и периодичен електронски информатор. Овој процес на вмрежување се вреднува за време на годишниот семинар за евалуација на Неделата на Глобалното Образование - состанок на мрежата за споделување на стратегии за зголемување и подобрување на глобалното образование. Во текот на овој семинар се избира темата на Неделата на Глобалното Образование за следната година.

Во 2002 година, Конгресот за Глобално Образование во Мастрихт, организиран од страна на North-South Центарот и партнерите, ја зајакна видливоста на глобалното образование преку собирање на креаторите на политиките и практикувачите за рефлектирање околу една рамка на Европската стратегија за подобрување и зголемување на глобалното образование, до 2015 година. Ова рефлектирање резултираше со Мастришката Декларација.

Во рамките на процесот на Упатствата за Глобалното Образование, North-South Центарот заклучи дека упатствата заедно со претходните иницијативи, како што е Мастришката Декларација за Глобалното Образование, обезбедија основа за North-South Центарот да спроведе еден консултативен процес во 2008 година, што доведе до усвојување на една препорака од страна на Комитетот на Министри на Советот на Европа во поддршка на глобалното образование во нејзините земји членки. Во мај 2011 година, Комитетот на Министри на Советот на Европа ја усвои Препораката за образование за глобалната меѓузависност и солидарност, која е прв европски правен стандард за глобалното образование. Оваа Препорака ќе понуди цврста основа за работата на Центарот во една од своите главни полиња на активност, во Европа и пошироко.

North-South Центарот на Советот на Европа и Европската Комисија се согласија да ги комбинираат нивните напори за промовирање на глобалното образование и младинска акција во Европа и пошироко. За таа цел, двете институции потпишаа договор за заедничко управување на 28 ноември 2008 година, кој има за цел јакнење на јавното разбирање и критичка поддршка за развојната соработка и за постигнување на Милениумските Развојни Цели, преку клучни чинители во полето на глобалното образование. Проектот се базира на два главни столба, т.е. амбицијата да се зајакне глобалното образование во новите земји-членки на Европската Унија и како второ, промоција на младинската соработка Африка-Европа во контекст на

стратегијата ЕУ-Африка - и воглавно ги цели актерите од граѓанското општество и локалните власти.

Програмата за Глобално Образование исто така е базирана на препораките од Резолуцијата 1318 (2003) на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, која им препорачува на земјите членки "да го промовираат глобалното образование за зајакнување на јавната свест за одржливиот развој, имајќи предвид дека Глобалното Образование е од суштинско значење за стекнување на сите граѓани со знаења и вештини, разбирањето, учеството и нивното критичко содејствување со нашето глобално општество, како овластени глобални граѓани". Оваа програма ги надополнува активностите извршени од страна на Генералниот Директорат за Образование, Култура, Млади и Спорт на Советот на Европа во областа на Образованието за Демократско Граѓанство и Образованието за Човековите Права.

Целите на Програмата за Глобално Образование спаѓаат во доменот на Декадата за Образование за Одржлив Развој на УНЕСКО на Обединетите Нации. Исто така, со повикување на Милениумските Развојни Цели оваа програма има за цел да ги олесни дискусиите и дијалозите помеѓу носителите на политичките одлуки, организациите од граѓанското општество и експертите преку партнерства и вмрежување.

Десет години по Се-Европскиот Конгрес одржан во Мастрихт, имаше потреба за одразување и олеснување на еден дијалог околу достигнувањата во глобалното образование, разгледување на променетите реалности и справување со растечките социјални, економски и еколошки предизвици. Од таа гледна точка NSC, GENE и CONCORD одлучија да го одржат ***2-от Европски Конгрес за Глобалното Образование: Образованието, Меѓузависноста и Солидарноста во еден Свет кој што се менува***, Лисабон 27-28, септември 2012 година, за да се осигура посветеноста за потребната поддршка за глобалното образование и нејзиното понатамошно јакнење и развој се до 2015 година и понатаму, подигајќи ја истовремено свеста за Препораката за образованието за глобалната меѓузависност и солидарност и помош за земјите членки да поставаат стандарди во оваа област.

ГЛАВА А

# ШТО Е ГЛОБАЛНА ЕДУКАЦИЈА?

## ДЕФИНИЦИИ И ДЕКЛАРАЦИИ

**Глобалното образование** е перспектива за образованието кое произлегува од фактот дека современите луѓе живеат и содејствуваат во зголемено глобализиран свет. Ова го прави клучно образованието да им даде на учениците можност и компетенции да размислуваат и да ги споделат своите гледни точки и нивната улога во рамките на едно глобално, меѓусебно поврзано општество, како и да ги разберат и да разговараат за сложените односи на општите социјални, еколошки, политички и економски прашања, за да се изведат нови начини на размислување и дејствување. Сепак, Глобалното Образование не треба да се претстави како пристап кој што сите ние може некритички да го прифатиме, бидејќи ние веќе знаеме дека постојат дилеми, тензии, сомнежи и различни перцепции во образовниот процес при справување со глобални прашања.
Постојат многу дефиниции за глобалното образование. Мастришката Декларација за Глобалното Образование (2002) вели:

- *Глобалното образование е образование кое на луѓето им ги отвора очите и умот кон реалностите на глобализираниот свет и ги буди да придонесат за еден свет на поголема правдина, еднаквост и човекови права за сите.*
- *Глобалното Образование се подразбира дека го опфаќа Образованието за Развој, Образованието за Човековите Права, Образованието за Одржливост, Образованието за Мир и Спречување на Конфликти и Меѓукултурното Образование; претставувајќи ја глобалната димензија на Образованието за Граѓанство.*

**Разни меѓународни документи кои се однесуваат на развојот на концептот на глобалното образование. Ние сме навеле некои од нив затоа што секоја, на свој начин, се фокусира и го збогатува овој пристап:**

### Универзалната Декларација за Човековите Права

Воспитувањето ќе биде насочено кон целосниот развој на човековата личност и кон зајакнување и почитување на човековите права и основни слободи. Тоа ќе го унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството помеѓу сите народи, расни или верски групи и ќе ги унапреди активностите на Обединетите Нации за одржување на мирот.

**Член 26, Обединетите Нации, Генерална Конференција, Сан Франциско, 10 декември 1948**
www.un.org/education

**Препораката во врска со Образованието за Меѓународно Разбирање, Соработка и Мир и Образованието поврзано со Човековите Права и Основни Слободи која**

Комбинира учење, обука, информација и акција и меѓународното образование, треба да го продолжи соодветниот интелектуален и емоционален развој на поединецот. Тоа треба да развие чувство на општествена одговорност и солидарност со помалку привилегираните групи и треба да доведе до почитување на начелата за еднаквост во секојдневното однесување.

**УНЕСКО, Генерална Конференција, Париз, 19 ноември 1974**

www.unesco.org/education

Агенда 21, Поглавје 36: Промовирање на Образованието, Јавната Свест и Обука

Образованието, вклучително и формалното образование, јавната свест и обуката треба да бидат признати како процес со кој човечките суштества и општествата можат да го постигнат својот целосен потенцијал. Образованието е од суштинско значење за промовирање на одржливиот развој и подобрувањето на капацитетот на луѓето за справување со прашања од животната средина и развојот.

**Конференцијата на Обединетите Нации за Животна Средина &. Развој, Рио де Жанеиро, од 3 до 14 јуни 1992 година**

www.un.org/esa/sustdev/documents

**УНЕСКО - Декларација и Интегрирана Рамка за Акција за Образованието за Мир, Човекови Права и Демократија. Париз 1995**

Вовед: Образованието треба да го развие капацитетот на проценување на вредноста на слободата и потребните капацитети за соочување со предизвиците поврзани со неа. Ова значи да се едуцираат граѓаните за решавање на тешки и неизвесни ситуации, во нив да се вгради способноста за автономија и индивидуална одговорност. Ова е поврзано со почитувањето на вредноста на граѓанската вклученост и капацитетот на здружување со други лица за решавање на проблеми и работење кон градењето на едно правично, мирно и демократско општество.

**UNESCO, Генерална Конференција, Париз, ноември 1995**

www.unesco.org/education

## Милениумската Декларација на Обединетите Нации, 2000 година.

### Поглавје: Вредности и начела

Ние веруваме дека централниот предизвик со кој што се соочуваме денес е да се осигура дека глобализацијата станува позитивна сила за луѓето на светот. Иако глобализацијата нуди големи можности, во моментов нејзините придобивки се многу нерамномерно поделени и нејзините трошоци се нерамномерно распределени. Свесни сме дека земјите во развој и земјите со економии во транзиција се соочуваат со посебни потешкотии при справување со овој централен предизвик. Затоа, само преку широки и постојани напори за создавање на заедничка иднина, базирана врз нашата заедничка човечност со сета своја разноликост, глобализацијата може да стане целосно инклузивна и правична.

**Резолуција на Генералното Собрание на Обединетите Нации, Њујорк, 8 септември, 2000 година**

www.un.org/millenniumgoals

## Декада на Обединетите Нации за Образованието за Одржлив Развој 2005-2014

Основната визија на образованието за одржлив развој е еден свет каде што секој има можност да придобие од образованието и да ги научи вредностите, однесувањата и начините на живеење потребни за една одржлива иднина и за позитивна општествена трансформација.

**Декада на Обединетите Нации за Образованието за Одржлив Развој, Меѓународна Шема за Имплементација, Јануари 2005 година**

www.unesco.org/education

## Европскиот Консензус за Развојот: Придонесот на Образованието за Развојот и Подигањето на Свеста, 2007 година

Целта на Образованието за Развој и Подигање на Свеста е да му овозможи на секое лице во Европа доживотен пристап кон можностите да се биде свесен и да се разберат грижите за глобалниот развој и за личното и локалното значење на тие грижи и за реализирање на нивните права и одговорности како жители на еден меѓузависен и променлив свет, влиаејќи кон промени за еден правичен и одржлив свет.

http://ec.europa.eu/development/icenter/repository/PUBLICATION_CONSENSUS_EN-067-00-00.pdf

## Европската Година на Меѓукултурен Дијалог 2008

### Член 2: Цели

1. Општите цели на Европската Година на Меѓукултурен Дијалог ќе бидат да се придонесе кон [...] подигање на свеста на сите оние кои живеат во ЕУ, особено на младите луѓе, за важноста на развојот на едно активно европско граѓанство кое е отворено кон светот, ја почитува културната разновидност и е базирана врз заедничките вредности во ЕУ како што е пропишано во членот 6 на Договорот на ЕУ и на Повелбата за Основни Права на Европската Унија [...]

2. Посебните цели на Европската Година на Меѓукултурен Дијалог ќе бидат: да се поттикне улогата на образованието како важен медиум за учење за различностите, да се зголеми разбирањето на другите култури и развивањето на вештини и најдобри општествени практики и да се нагласи централната улога на медиумите во промовирањето на начелото на еднаквост и меѓусебно разбирање.

**Европскиот Парламент и Советот на Европа, Одлука бр. 1983/2006/ЕС, 18 декември 2006 година**

http://ec.europa.eu/culture/portal/events/current/dialogue2008

## Белата Книга за Меѓукултурен Дијалог на Советот на Европа, Јуни 2008 година

Меѓукултурниот пристап нуди прогресивен модел за раководење на културната разновидност. Тој предлага концепт заснован врз индивидуалното човеково достоинство (прегрнување на нашата заедничка човечност и заедничка судбина). Доколку постои европски идентитет кој треба да се реализира, тој ќе биде основан врз заедничките основни вредности, почитувањето на заедничкото наследство и културната разноликост, како и врз почитувањето на еднаквото достоинство на секој поединец. Меѓукултурниот дијалог треба да одигра важна улога во овој поглед. Тој овозможува спречување на етничките, верските, јазичните и културните поделби. Тој овозможува заеднички да се движиме напред, да се справиме конструктивно и демократски со нашите различни идентитети врз основа на заедничките универзални вредности.

http://www.coe.int/t/dg4/intercultural

## Повелбата на Советот на Европа за Образованието за Демократско Граѓанство и Образованието за Човековите Права (усвоена од страна на Комитетот на Министри на 11 мај 2010 година)

Образованието за демократско граѓанство и образованието за човековите права се тесно поврзани и заемно поддржувачки. Образованието за демократско граѓанство е насочено пред се на демократските права и одговорности и активното учество, во однос на граѓанските, политичките, социјалните, економските, правните и културните сфери на општеството, додека образованието за човековите права се занимава со поширок спектар на човекови права и основни слободи во секој аспект на животот на луѓето.

## Препораката CM/Rec (2011)4 на Комитетот на Министри до земјите членки за образованието за глобалната меѓузависност и солидарност

(Усвоена од страна на Комитетот на Министри на 5 мај 2011 година, на 1113-тиот состанок на замениците министри)

**Препораката за образованието за глобалната меѓузависност и солидарност го сочинува првиот европски правен стандард за глобалното образование.**

http://www.coe.int/t/dg4/nscentre/GE/GE_recommendation2011.pdf

## ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КАКО ТРАНСФОРМАЦИСКИ ПРОЦЕС НА УЧЕЊЕ

Во овие упатства сакаме да погледнеме на улогата на глобалното образование и да испитуваме ставови, движејќи се од културата на индивидуализам, често поврзувана со доминација, до културата на партнерство, базирана на дијалог и соработка. Првиот културолошки модел ги одликува образовните системи во многу земји во кои што глобалните теми и градењето на свеста за реалностите на светот не се сметаат релевантни за националните визии. Од друга страна, моделот на партнерство може да доведе до меѓународно разбирање и соработка помеѓу државите и народите.

Аспектите на доминација постојат во многу различни домени на нашите општества и се длабоко вкоренети во структурите на образовните системи. Сегашниот модел на образование во голема мера ја одразува оваа доминација. Критиките против него истакнуваат дека овој модел доведува до спротивставени односи меѓу поединците и меѓу народите, особено ако тие припаѓаат на различни култури, религии, социјални групи или начини на размислување.

Преку одвојувањето на темите и нивното категоризирање, создадовме хиерархии на знаење и ги обезвреднивме другите начини на учење. Отцепувањето кое што се создава со овој процес на одделенско образование не не поставува во еден поврзан свет, така што не сме биле во можност да изградиме мостови за приоѓање и запознавање на другите.

Глобалното образование е за спроведување на визијата, потребна за преоѓање во модел на партнерство меѓу народите, културите и религиите на микро и макро ниво.

Трансформативното учење преку глобалното образование вклучува длабока, структурна промена на основните премиси на мислите, чувствата и дејствата. Тоа е образование за умот како и за срцето. Тоа подразбира радикална промена кон меѓуповрзаноста и создава можности за постигање на поголема еднаквост, социјална правда, разбирање и соработка меѓу народите.

Три главни фази на трансформативното учење се цврсто поврзани со глобалното образование:

- *Анализа на сегашната ситуација во светот*
- *Визија за тоа како би изгледале алтернативите на доминантните модели*
- *Процес на промена кон одговорно глобално граѓанство*

Глобалното образование како трансформативно учење подразбира процеси на партиципативно одлучување во сите овие фази. Целта на овој вид на учење е да го поттикне меѓусебното познавање и колективната самосвест. Глобалното образование ја предизвикува алчноста, нееднаквоста и егоцентризмот преку соработка и солидарност наместо да ги дели луѓето преку конкуренција, конфликт, страв и омраза.

Глобалното образование како трансформативно учење нуди начин за промени на локално ниво за да се влијае врз глобалното, во смисла на градење на граѓанство преку партиципативни стратегии и методи, за да луѓето научат преку преземање на одговорности кои не може да се оставаат само на владите и другите носители на одлуки.

Како на микро така и на макро ниво, глобалното образование ги сплотува агендите на различните полиња на образованието: Образование за Развој, Образование за Човековите Права, Образование за Одржливост, Образование за Мир и Спречување на Конфликти, Меѓукултурно и Меѓуверско Образование, глобалната димензија на Образованието за Граѓанство, итн. - со цел да ги дефинира заедничките основи на глобалното образование.

Ова ќе создаде вистинско влијание како врз формалното образование така и врз неформалното образование, кое треба да одигра голема улога во зближување на луѓето кон едно пошироко разбирање на нивната вистинска моќ за обликување на иднината. Но, глобалното образование не се однесува само на глобалните теми, светските проблеми и за изнаоѓање на решенија. Тоа исто така се однесува на тоа како да се предвиди заедничка иднина со подобри услови на живеење за сите, поврзувајќи локални и глобални перспективи и како оваа визија да се оствари и направи можна, почнувајќи од нашата мала точка во светот. Трансформативното учење им овозможува на луѓето да обликуваат една заедничка визија за еден поправичен, одржлив свет за сите. Затоа во една таква трансформативна визија, фокусирањето врз видот на иднината која ја сакаме е клучна.

Глобалното образование може да придонесе за процесот на визионирање, но исто така, може да игра улога во создавањето на нови методи, во коишто социјалните движења и неформалните процеси на учење се од суштинско значење, бидејќи тие отвораат простор за вредностите, прашањата и пристапите кои не се од централно значење за формалното учење и им даваат глас на сите луѓе, вклучувајќи ги и маргинализираните.

Со префрлање на фокусот врз трансформацијата од една култура на репродукција и доминација, кон едно од партнерствата базирани на дијалог и соработка, глобалното образование ги модифицира воспоставените глобални економски правила преку враќање на човековото достоинство, како централна вредност.

ГЛАВА Б

# ЗОШТО ГЛОБАЛНА ЕДУКАЦИЈА?

## НАШИОТ СВЕТ ДЕНЕС: ЕДЕН ГЛОБАЛИЗИРАН СВЕТ

Како резултат на многу врски на меѓузависност меѓу земјите, светот во кој што живееме прерасна во еден глобализиран систем. Поновата историја несомнено покажува дека животите на мажите и жените на оваа планета може да бидат засегнати од настани и процеси кои се оддалечени илјадници километри. Економските, геополитичките и социјалните односи ширум светот, современите комуникации и технологии, медиумите и транспортот овозможуваат брз проток на информации. Луѓето и стоките се воедно и причините и карактеристиките на глобализацијата како процес кој води кон еден меѓусебно зависен свет и кон она што денес се нарекува Глобализација.

Глобализацијата е сложена и амбивалентна и нејзините последици може да се сметаат за позитивни но исто така и негативни. Меѓу позитивните последици од глобализацијата се проширувањето на видиците на луѓето, пристапот до знаењето и до производите на науката и технологијата, мултикултурализмот и меѓукултурните гледишта, зголемените можности, личниот и социјалниот развој и можностите за размена на идеи и заедничко делување кон изнаоѓање на решенија за заедничките проблеми.

Негативните последици се главно на социјалните, економските и еколошките нивоа. Од една страна, постои зголемена сиромаштија во општествата, растечки јаз меѓу развиените земји и земјите во развој и меѓу привилегираните и исклучените лица, низок животен стандард, болести, присилна миграција и кршење на човековите права, експлоатација на слаби социјални групи, расизам и ксенофобија, конфликти, несигурност и растечки индивидуализам. Од друга страна пак, постојат многу еколошки последици, како што се ефектот на стаклена градина, климатските промени, загадувањето и исцрпувањето на природните ресурси.

Многу современи мислители веруваат дека главните причини за овие негативни последици на глобализацијата се незаузданите активности на транснационалците и последователните политички одлуки главно насочени кон едностраниот развој, базирани главно на доминација на пазарот, зголемување на потрошувачката и конкуренцијата и намалување на социјалната благосостојба.

Свеста ширум светот за глобалната промена кон поодржлив, фер развој и потребата за меѓународна соработка се повеќе се адресира преку спогодби, декларции и кампањи промовирани воглавно од зголемените заложби на граѓанското општество и од меѓународните организации.

Оттука, потребата за глобално образование како меѓународна димензија во методите на учење и предавање како во формалното така и во неформалното образование, со цел на придвижување кон подобро разбирање на тековните светски прашања, неговото влијание на локално и глобално ниво, не е само потреба туку и еден етички предизвик во денешниот свет.

## УЧЕЊЕ ЗА НАШЕТО ГЛОБАЛНО ОПШТЕСТВО

Глобализацијата наметнува основни предизвици за сите области на образованието во секоја земја. Таа на еден нов начин обезбедува пристап до луѓе, култури, економии и јазици. Во овој контекст образованието за глобалните прашања во чисто пазарно управувани услови може да се смета како зајакнување на вештините и знаењата на оние кои што имаат пристап до пазарот, да бидат ефикасни потрошувачи и работници во глобалната економија.

Меѓутоа, значењето на образованието лежи во помагање на луѓето да ја признаат нивната улога и индивидуалните и колективните одговорности како активни членови на оваа глобална заедница, во смисла на ангажирање за социјална и економска правда за сите и заштита и реставрација на екосистемите на Земјата.

Глобалното образование е педагошкиот концепт зад оваа визија.

Како воспитувачи, во 21-от век живееме во време на предизвици и во еден свет на контроверзии. Како може да ги подготвиме луѓето да се справат со ваквите предизвици? Кои се нашите одговорности во еден свет со зголемено знаење и технолошки развој? Кои се нашите одговорности во еден свет на сиромаштија, насилство, предрасуди и оштетување на животната средина?

Глобалното образование е нов пристап кој се обидува да помогне при изнаоѓање на одговор кон овие прашања. Тоа има за цел да им овозможи на учениците да ги разберат светските проблеми, истовремено зајакнувајќи ги со знаење, вештини,

вредности и ставови, пожелни за соочување на граѓаните на светот со глобалните проблеми. Во овие услови, глобалното образование е процес на индивидуален и колективен пораст кој овозможува трансформација и само-трансформација. Во суштина тоа е општествена пракса. Исто така претставува трајна “подготовка” за живот, во кој стекнувањето на оперативни и емоционални надлежности за критичка анализа и размислување за реалноста, на учениците им овозможува да станат активни социјални агенти.

Во овој контекст, сè повеќе се тврди дека образованието треба да обезбеди можности за реалистична, информирана проценка за современите проблеми во нашиот свет без засилување на негативниот имиџ на една неизбежна мрачна и несреќна иднина. Истовремено се тврди дека постои потреба за поголеми можности во дизајнот на наставните програми за креативни и рационални дискусии околу различните гледишта за алтернативните иднини. Ова е во иста линија со современите движења за иновации во наставните програми во разни држави кои охрабруваат една пофлексибилна и отворена перспектива преку примена на нова содржина и користење на активни методи и нови ресурси. Глобалното образование соодветствува со ова движење.

## ЦЕЛИ

Глобалното образование има за цел да ги воспита граѓаните за социјалната правда и одржливиот развој.

Глобалното образование има за цел да отвори една глобална димензија и сеопфатна перспектива во образованието за да им помогне на луѓето да ги разберат сложените реалности и процеси на денешниот свет и да развие вредности, ставови, знаења и вештини кои ќе им овозможат да се соочат со предизвиците на еден меѓусебно поврзан свет.

Глобалното образование им помага на учениците да сфатат некои од сложените процеси кои водат до насилство и конфликти на индивидуално, колективно, национално и глобално ниво и да бидат свесни за некои од начините на кои овие конфликти може да се спречат или решат. Преку промоција на разбирањето на различните култури и негувањето на улогата на луѓето, како динамични играчи за еден поправеден и еднаков свет за сите, глобалното образование има за цел да развие ставови кои водат кон конструктивно, ненасилно разрешување на конфликти.

Глобалното образование има за цел развивање на заедници за учење, во кои учениците и воспитувачите се охрабруваат да работат кооперативно за глобалните прашања.

Глобалното образование има за цел да ги стимулира и мотивира учениците и воспитувачите да им пристапат на глобалните прашања преку иновативно предавање и педагогија.

Глобалното образование има за цел да ги предизвика формалните и неформалните образовни програми и практики преку воведување на сопствена содржина и методологија.

Глобалното образование има за цел прифаќање на различноста и меѓузависноста и создавање на услови за другите да се искажат и да изградат однесување на солидарност.

Глобалното образование им помага на учениците да развијат алтернативи при носење на лични или одлуки од јавниот живот и да размислуваат за последиците од нивните избори, култивирајќи го духот на "глобалната одговорност на граѓаните на светот".

Глобалното образование го промовира учеството во акција. Со други зборови, ги повикува воспитувачите и учениците да дејствуваат динамички за еден поправеден и еднаков свет за сите.

ГЛАВА 4

# КОНЦЕПТИ

Глобалното образование е еден термин “чадор“ за педагошките концепти поврзани со реалностите на денешниот свет. Затоа претставува еден отворен повеќедимензионален концепт на навремено општо образование. Покрај тоа, исто така се смета за еден колективен, холистички одговор кон историскиот предизвик на поддржување на активни глобални граѓани во создавање и пресоздавање на еден поинаков, порамноправен, правичен, мирен и оддржлив свет базиран на солидарност.

Глобалното образование им овозможува на луѓето да ги развијат знаењата, вештините, вредностите и ставовите потребни за обезбедување на еден правичен, оддржлив свет во кој секој има право да го исполни неговиот/нејзиниот потенцијал.




**ДИМЕНЗИИТЕ НА КОНЦЕПТОТ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Како што е споменато во Главата А, глобалното образование не е само засегнато со различните перспективи на глобализираните теми и она што се предава и учи за нив. Тоа е исто така засегнато со тоа како се предава и учи, со контекстуалните услови во кои се учи и предава. Всушност постои едно неопходно единство помеѓу содржината, формата и контекстот во кој се одвива процесот на учење.

Ако глобалното образование е учењето кое мора да се справи со целта на промената со цел да се воспостави образование, кое не го репродуцира системот, но предвидува социјална трансформација и им ги *отвора очите на луѓето*[3] евидентно е дека традиционалната дефиниција на содржината мора да биде заменета со нова перспектива на концептот.

Содржините на глобалното образование предложени тука не потекнуваат од апстрактни категории, туку од потребите на луѓето, заробени во сопствените изрази.

Традиционалниот концепт за содржината се заменува од:

a)*една анализа на настаните и случувањата на микро ниво во најблиската реалност*
b)*еден избор на специфични теми поврзани со нив*
c)*препознавање на врските со макро светот и произлегувачкиот дијалог меѓу нив*

Затоа во еден процес на учење на глобалното образование учениците и воспитувачите навлегуваат подлабоко во корените и причините на настаните и случувањата и ги споделуваат идеите за можни решенија во една динамична вежба на набљудување, анализа, одразување и размена на информации, која создава нов круг на знаења и интереси.

Половите, социјално-класните, етничките, верските, социо-економските и културните разлики ќе се прелеат и пресметаат низ дискутираните точки и проблеми и исто така ќе бидат дел од дискусиите за можни решенија. Во овој процес познавањето не акумулира знаење, информација или податоци за одредени теми или проблеми. Познавањето значи секојдневно знаење, грижа за сите аспекти на животот и размислување на локално и на глобално ниво во поврзано, меѓузависно разбирање, така што надворешниот свет ќе биде дел од анализата на секојдневниот живот, надополнувајќи го процесот на учење[4].

Затоа содржината е резултат на една постојана меѓусебна поврзаност помеѓу апстрактните познавања на теоријата и конкретните искуства од секојдневниот живот. Доколку во процесот на градење на оваа содржина, конкретни однесувања во специфични контексти се трансформираат, ние тоа го нарекуваме праксис - една појава која ја отстранува разликата помеѓу апстрактната содржина и однесување во контекст[5].

3 Види “Мастришката Декларација” во Глава А,

4 Види “Микро/Макро Односи” во Глава Д, Методологија

5 Види Paulo Freire - Педагогија на Угнетените. Главата 4 го развива овој концепт

Содржините во глобалното образование ги премостуваат проблемите во еден микро контекст со глобалните прашања (кои се исто така проблеми во макро смисла) и се движат од блиската реалност (семејството, соседството, училиштето, градот) кон средната реалност (регионот, државата) и далечната реалност (глобалниот свет). Затоа е битно да се следат истите проблеми и прашања во сите овие нивоа со цел постојано да ја истражуваат врската помеѓу микро и макро, со цел постојано да се испита врската помеѓу микро и макро, еден од најважните методолошки пристапи за разбирање на глобализираните теми[6].

## ЗНАЕЊЕТО - ПРЕДЛОЖЕНИ СОДРЖИНСКИ ОБЛАСТИ

Глобалното образование не воведува нови содржини, но ги збогатува концептите и содржините на сите теми и области на образованието поврзани со глобалниот развој преку проширување на нивните димензии.

### Познавање на процесот на глобализацијата и развојот на светското општество

Фокусите на глобалното образование се социјалната правда и одржливиот развој, за пружење животна можност секому. Затоа содржинските области од кои глобалното образование може да ги извлече неговите теми вклучуваат клучни прашања како што се условите за живот на локално ниво и во други делови на светот, мултикултурни општества, социјални, политички, економски и културни контексти, структурно и директно насилство, меѓузависностите помеѓу региони, земји и континенти и ограничените природни ресурси, информатичкото општество и медиумите.

### Познавање на историјата и филозофијата на универзалните концепти на човештвото

Глобалното образование обезбедува знаење за универзалните концепти на човештвото како: Човековите права, Демократијата и Доброто Владеење, Економските Системи, Социјалната Правда, Фер-трговијата, Родовата Еднаквост, Трансформацијата на Мирот и Конфликтите, Граѓанството, Разновидноста, Меѓукултурниот и Меѓуверскиот Дијалог, Одржливиот Развој, Здравјето и Еднаквиот пристап до научните и технолошките достигнувања.

### Знаење за заедништвото и разликите

Глобалното образование обезбедува знаење за заедништвото и различните стилови на живот, култури, вери и генерации. Луѓето во сите делови на светот имаат чувства, радости и таги. Разбирањето на сличностите и разликите го олеснува почитувањето на различностите.

6 Види “Мастришката Декларација” и други дефиниции на Глобалното Образование во Глава А

## ВЕШТИНИ

### Критичко мислење и анализи
Глобалното образование треба да им помогне на учениците да им пристапат на проблемите со отворен, критички ум, да размислат за нив и да бидат подготвени да ги разгледаат своите мислења во светлото на новите докази и рационални аргументи. Тие треба да бидат способни да ја препознаат и предизвикаат пристрасноста, индоктринацијата и пропагандата.

### Менување на гледиштата или пристап со повеќе гледишта
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да ги променат гледиштата и да ги гледаат ситуациите од различни гледни точки.

### Препознавање на негативните стереотипи и предрасуди
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да ги препознаат негативните стереотипи и предрасуди и активно да им се спротивстават.

### Меѓукултурни надлежности во комуникацијата
Глобалното образование треба да им помогне на учениците да се справат со културниот спектар на јазици и кодови, за да постигнат меѓусебно разбирање.
Во денешните култури кои наликуваат на мозаик, треба да ја прифатиме идејата дека секоја општествено-културна група може да придонесе за збогатувањето на нашето општествено живеење преку размена на елементи на идентитетот, дијалог и вклученост на сите членови на мултикултурната заедница.

### Тимска работа и Соработката
Глобалното образование треба да им помогне на учениците да ја ценат вредноста на соработката во заеднички задачи и да работат заедно со други поединци и групи кон заедничките цели.

### Емпатија
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците чувствително да ги разберат ставовите и чувствата на другите, особено на оние кои им припаѓаат на групи, култури и народи различни од нивната.

### Дијалог
Глобалното образование треба да развие вештини за дијалог, како што се активното слушање, почитувањето на мислењата на другите и конструктивната самодоверба.

### Самодоверба
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да комуницираат со другите јасно и самоуверено, односно ниту на агресивен начин кој ги негира правата на другите, ниту на пасивен начин кој ги негира нивните права.

### Справување со сложеноста, контрадикциите и несигурноста
Глобалното образование им помага на учениците да ја разберат сложеноста на светот, да бидат свесни за противречностите и неизвесностите и да разберат дека не постојат едно-димензионални решенија за сложени проблеми.

### Справување со конфликти и трансформација на конфликти
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да се соочат со конфликти и да се справат со нив на еден конструктивен, систематски начин.

### Креативност
Глобалното образование треба да ја поттикне имагинацијата за размислување и работење за глобалните проблеми во еден креативен и пријатен начин.

### Истражување
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да бараат знаење за глобалните прашања користејќи различни извори.

### Донесување Одлуки
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да учествуваат во процесот на одлучување и да преземат иницијативи преку демократски процедури.

### Справување со Медиумите
Глобалното образование треба да им овозможи на учениците да развијат свест за медиумите и да им пристапат на информациите со критички ум.

### Справување со Науката и Модерната Технологија
Глобалното образование треба да ги опреми учениците со потребните вештини за одговорно користење на новата наука и технолошките достигнувања.

## ВРЕДНОСТИ И СТАВОВИ

Основните вредности им овозможуваат на воспитувачите да ги појаснат основните начела на процесот на учење, раководејќи ги во изборот на содржините, идентификувањето и користењето на изворите на информации, дизајнирањето на стратегиите за настава-учење-оценување и развивање на полиња за практична интервенција.

Крајната цел на глобалното образование е да развие вредности базирани на познавањата на глобалните прашања и соодветни вештини со цел градење на ставови за одговорно глобално граѓанство на индивидуално и на колективно ниво.

Овие вредности можат да вклучуваат:

### Самовреднување, Самодоверба, Самопочит и почит кон другите

Глобалното образование ги поттикнува учениците да развијат едно чувство на сопствена вредност и гордост во нивните одредени социјални, културни и семејни средини. Тоа исто така ги поттикнува да развијат чувство за вредноста на другите, особено на оние со различно потекло од нивното.

### Општествена одговорност

Глобалното образование ги поттикнува учениците да развијат солидарност и чувство на грижа за еден социјално поправеден, посигурен и помирен свет на локално, национално и меѓународно ниво.

### Еколошка одговорност

Глобалното образование ги поттикнува учениците да се грижат за рамнотежата на животната средина на локално и глобално ниво.

## Отвореност

Глобалното образование промовира пристапување кон различни извори на информации, култури и настани со критичен, отворен ум.

## Визионерски Ставови

Глобалното образование ги поттикнува учениците да развијат различни визии за тоа како би изгледал еден поинклузивен свет во нашата заедница, во другите заедници и во светот како целина.

## Проактивно и партиципативно членство во заедницата

Глобалното образование го зајакнува чувството да се биде дел од заедницата (локално- глобално), каде што индивидуалните и колективните права и одговорности се познати и почитувани од сите, создавајќи едно чувство на взаемна поддршка и потреба за учество во заеднички одлуки, промовирајќи ги на тој начин начелата на плурализмот, недискриминацијата и социјалната правда.

## Солидарност

Глобалното образование води кон активна солидарност создавајќи светски граѓани кои се свесни за глобалните реалности и ангажирани во работењето за пооддржлив свет, базиран на човекови права за сите, дијалог и соработка.

ГЛАВА Д

# МЕТОДОЛОГИЈА

## МЕТОДОЛОГИЈАТА

Методологијата како систем на начела и правила кои му претходат и ја анализираат праксата, систематски ја проучува врската помеѓу методите и теоријата во секоја наука.
Една разлика помеѓу методологијата и методите може да и помогне на дискусијата: Методологијата, како јадро на епистемологијата, е научната основа и развој на методите, со цел да се формулираат основите за создавање на нови специфични методи или за проучување и анализа на веќе постојните. Методот претставува една планирана процедура со која се регулира една линија на преземени активности за добивање на утврдени цели во одредена наука.

Методологијата во образованието, а особено во глобалното образование, е повеќе од една расправа околу наставните методи; методологијата е битен столб на образовната политика. Повеќе отколку како да се предава, или како да се развијат активности за учење, методологијата ги вклучува сите прашања на она што навистина е образованието. Во оваа смисла, содржината на било која образовна активност треба да е директно поврзана со методите кои ќе се користат во рамките на учебната група за да се остварат целите на избраната активност. Оваа основна изјава станува клучна ако прифатиме дека секоја активност во секоја учебна група, во формалното и неформалното образование, е применета на еден поширок идеолошки контекст. Затоа методолошките прашања не треба да се земаат предвид само во однос на одредени активности за учење, но како рамка за континуиран процес на учење поврзан со главните цели на образованието и во динамична интеракција со процесот на евалуација.

Дури и да се согласиме дека било каков вид на образование влијае врз начинот на размислување, однесување и живеење на човечките суштества, може да заклучиме дека било каква дискусија околу улогата на методологијата во образованието е блиска до севкупната дискусија за улогата на образованието во нашите општества.

## ОСНОВИ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Со цел да се одразиме врз основите на методологијата за глобалното образование, треба да се навратиме на главните концепти во Мастришката Декларација за Глобалното Образование:

***"Глобалното Образование е образование кое им ги отвора очите и умовите на луѓето за реалноста на глобализираниот свет."***

Методологијата за глобалното образование треба да биде поврзана со реалностите на светот. Ова значи дека се заснова на реалноста, контекстите и потребите на нашата учебна група, потоа на реалноста на локалното општество кое ја опкружува оваа група, а потоа на реалноста на глобалното општество кое влијае врз нашите локални реалности и меѓусебните врски помеѓу нив. За ова е потребно најпрво расчистување на сите концепти со кои ќе се справиме а потоа со употреба на широк спектар на ресурси, прилагодени на различните капацитети и особености на учебната група, (како возраст, јазик, културно потекло и физички капацитети) и поврзани со стиловите на учење.

Целите и различните чекори на активноста мора да бидат јасни и разбирливи за сите, со цел да се осигураме дека секој може да учествува, но, исто така, со цел да изградиме взаемно разбирање на реалностите на светот и начинот на кој што тие меѓусебно се поврзани.

Некои дадени прашања можат да ни помогнат да рефлектираме за постапката за учење, чекор по чекор:

- *Кои се луѓето во оваа група (воспитувачи и ученици)?*
- *Од каде потекнуваат (културно потекло, итн)?*
- *Како се гледа на нивниот/нивните идентитет/и во групата и во општеството во кое тие живеат?*
- *Зошто се тие тука?*
- *Како се чувствуваат тие во оваа група?*
- *Како се однесуваат едни кон други?*
- *Како реагира секој од нив на однесувањето на воспитувачот?*
- *Како се чувствува и реагира воспитувачот кон однесувањето на учениците, како поединци и како група?*

Разбирањето на учебната група е sine qua non услов за сите воспитувачи, особено кога тие се занимаваат со прашања од глобалното образование.

Имајќи во предвид дека ниеден личен или колективен културен идентитет не е статичен во нашиот глобализиран свет, од клучно значење е да се разберат луѓето во учебната група.

Утврдувањето на областа на знаењето со кое ќе се занимаваме, согласно потребите на учебната група, е исклучително важно.

Подеднакво важно е како ќе се справиме и ќе создадеме соодветна атмосфера за учење, како ќе градиме мостови на комуникација и доверба и ќе создадеме охрабрувачки, безбеден и пријатен простор за учење од другите и учење со другите, каде што секој се чувствува самоуверен и има чувство на припадност.

Како ние, како воспитувачи, ја постигнуваме оваа цел? Која постапка ќе ја следиме?

Повторно одговорот е всушност прашање. *Дали е можно да се разбере секоја различна личност и да се стави во една група неговиот/нејзиниот дел од животот, со користење на* ***еден*** *метод,* ***една*** *активност и* ***една*** *алатка?*

Одговор може да претставуваат ***различни*** атрактивни, партиципативни, креативни и флексибилни активности кои ги вклучуваат сите ученици и ги почитуваат нивните желби, личноста, животот, културното потекло и достоинството.

Глобалното образование ги инспирира луѓето да придонесат за еден свет на поголема правда, еднаквост и човекови права за сите. За дискутирање околу основните концепти на правдата, еднаквоста и човековите права, потребни се методи кои водат до критичко размислување и анализа - истражувачки постапки, активности базирани на истражување, студија, истраги и пребарувања. Истовремено, содржината на активноста за учење мора да биде поврзана со животите на луѓето, реални ситуации и човечки искуства со цел да се подигне свеста на учениците за неправдата и нееднаквоста. Исто така е значајно да се препознаат и студираат чиновите на правда, условите на еднаквост и почитување на човековите права во секојдневниот живот на луѓето, со цел да се рефлектира врз контекстот кој дозволува или создава такви вредности во нашите општества.

Очигледно, потребен е еден вистински демократски дијалог меѓу сите играчи вклучени во процесот на учење за да се одржи еден постојан процес на критичко и креативно истражување на светот, со цел да се олесни изградбата на едно колективно знаење и взаемно разбирање на светот во кој живееме. Потребна е интеграцијата на различните релевантни компоненти на дадени системи на вредности и моќ и дискусија околу меѓузависноста помеѓу реалностите на луѓето.

Еден холистички пристап се обидува да ги разбере директните и индиректните врски помеѓу облиците на моќ, насилство и неправда на сите нивоа, како и вредностите, практиките и неопходните услови потребни за нивно надминување. Преоѓањето од незнаење и рамнодушност на знаење и свест околу глобалните прашања може да биде резултат на поврзувањето од страна на процесот на учење, на личниот со

колективниот и локалниот со глобалниот контекст. Преоѓањето од знаење и свест во акција, со цел да се придонесе за еден свет на поголема правда, еднаквост и човекови права за сите, може да биде резултат на еден процес на учење кој цели да развие критичко зајакнување и го негува капацитетот на учениците за учество во процесот на колективно одлучување и дејствија за трансформација на локално ниво, во таа насока.

За да се сфати како и зошто човештвото пристигна во сегашните сложени ситуации на локално и на глобално ниво и да се развијат позитивни визии за иднината, подеднакво е важно да се поврзе теоретското знаење со социјалните реалности на минатото и сегашноста и да се разберат основните начела на историскиот процес.

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАПИ ВО ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Учење базирано на соработка

Во кооперативното учење постои позитивна меѓузависност помеѓу напорите на учесниците да научат. Нивната стремеж е взаемната поддршка, така што сите членови на групата добиваат од меѓусебните напори. Постои позитивна меѓузависност помеѓу посветеноста на учесниците да работат заедно. Оваа Метода дозволува учење преку интеракција, ги подобрува комуникациските вештини на учесниците и ја зајакнува нивната самодоверба.

### Учење базирано на проблем

Методологиите базирани на проблеми ги охрабруваат луѓето да поставаат и да одговорат на прашања, искористувајќи ја природната љубопитност за одредени настани или теми. Учесниците се поканети да размислуваат за проблеми кои немаат апсолутни одговори или лесен развој и кои ја одразуваат сложеноста на ситуациите во реалниот свет. Учењето базирано на проблеми го отвора патот за еден активен, ориентиран на задачи и само-контролиран пристап кон процесот на учење.

## Учење базирано на Дијалог

Дијалогот создава усна интеракциа помеѓу учесниците која има за цел да ја стимулира размената на идеи. Тој функционира како мост помеѓу луѓето и создава пријателски простор за развој на мисли, размислувања и предлози, дури и ако тие се спротивставени или различни. Дијалогот помага во развојот на комуникацијата и вештините за слушање, така што го промовира разбирањето на различните прашања и точки на гледање. Тој е еден од најважните методи во глобалното образование.

| КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ЕВАЛУАЦИЈА НА МЕТОДИТЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| МЕТОДИТЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ТРЕБА ДА БИДАТ: | | МЕТОДИТЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ: | |
| • Интересни<br>• Привлечни<br>• Мотивирачки<br>• Предизвикувачки<br>• Партиципативни<br>• Колаборативни<br>• Реалистички но Оптимистични<br>• Ветувачки | • Одразувачки<br>• Наменети за различни луѓе<br>• Разновидни и променливи<br>• Сконцетриран на ученикот<br>• Креативни<br>• Интерактивни<br>• Демократски<br>• Динамични | • Се засноваат на добри ресурси<br>• Се доследни со содржините на ГО<br>• Не "учат" туку воспитуваат<br>• Ја подигаат свеста<br>• Го промовираат дијалогот<br>• Даваат чувство на припадност<br>• Ја поттикнуваат одговорноста<br>• Вклучуваат луѓе | • Ги почитуваат учениците<br>• Базирани се на човечки вредности<br>• Развиваат критичко мислење<br>• Го поврзуваат локалното со глобалното<br>• Стимулираат дела<br>• Ја поврзуваат содржината со праксата<br>• Се микро /макро базирани<br>• Промовираат човечки вредности |

## БИТНИ ТОЧКИ ВО ПРАКТИКУВАЊЕТО НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во формалното и неформалното глобално образование следниве точки се сметаат за важни.

### Дефинирање и разбирање на учебната група:

Како и во сите форми на образование, согледувањето на ситуацијата и позадината на учебната група е од фундаментално значење; во глобалното образование ова е од суштинско значење. Возраста, бројот на учесниците, социјалните и културните разлики поврзани со избраните теми, времето, расположливите материјали и простор, мора да бидат првенствено земени предвид во процесот на дизајнирање на една глобална програма за образование и при изборот на соодветните методи. Тргнувањето од контекстите на ученикот и кооперативното истражување на нивните потреби, е исто така примарен елемент. Ова е особено суштинско за да да се дизајнираат програми за глобалното образование, кога не се предвидени наставни програми.

Релевантните дискусии и основните прашалници се највообичаените методи за идентификација на овие потреби и базирање на темите и акциите на образовната програма врз нив.

### Избирање на соодветна средина за учење:

Една средина сконцентрирана околу ученикот се заснова врз начелата на демократското, партиципативното, кооперативното и искуственото учење. Во една таква интерактивна средина, критичкото размислување, демократскиот дијалог и сеопфатниот поглед се вреднуваат и се охрабруваат во текот на целиот образовен процес.

| СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ТРЕБА ДА БИДЕ: | СРЕДИНАТА ЗА УЧЕЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ: |
|---|---|
| • Демократска и дијалошка<br>• Партиципативна<br>• Грижлива и топло поддржувачка<br>• Пријатна и надежна<br>• Поттикнувачка и инспиративна | • Создава самодоверба<br>• Поддржува меѓусебно разбирање и доверба<br>• Поттикнува учење едни од други<br>• Може да биде микрокосмос на светот |

### Концепцискиот аспект:

На главните концепти поврзани со глобалните прашања со кои што се соочуваме треба да им се посвети соодветно внимание. Овие концепти ќе создадат добра конкретна позадина врз која ќе се базира интерактивното учење.

### Развивање на критичко мислење:

Критичкото размислување се развива преку разни чекори и нивоа на учење. Најпрвин, учениците треба ги признаат реалностите, за да станат свесни за глобалното општество и да развијат вредности кои се однесуваат на правото на секоја личност за достоинствен животот. Потоа, тие треба да ги разберат истите преку анализа и синтеза. Преведувањето на ситуациите во сопствената реалност и секојдневниот живот е од суштинско значење за разбирањето.

Анализирањето на состојбата преку неговото кршење во делови го отвора патот за прашања околу тоа што и зошто, наместо одговор, дијалог базиран на аргументи и отвореност кон разликите. Синтетизирањето преку ставање на различни делови на светската загатка заедно, е важен чекор кон разбирањето на политичките, социјалните, економските и културните димензии на било која ситуација и на

меѓузависноста на разните реалности на луѓето и развојот на едно чувство на одговорност.

Примената на информации и знаења кон нови ситуации отвора перспективи за подобар свет преку активно учество. Оценувањето на знаењето врз експлицитни критериуми, поврзани со резултатите од анализата и синтезата, развива ставови и вештини за еден граѓанин со критички ум.

### Стимулирање на љубопитноста:

Стимулирањето на љубопитноста е многу важна претпоставка за развој на критичкото размислување. Ова може воглавно да се направи преку потрага по вистинските прашања наместо по вистинските одговори, кои може и да не постојат во еден несигурен свет на комплексни прашања.

### Стимулирање на креативноста:

Стимулирањето на креативноста е исто така многу важна претпоставка за развој на перспективите и можностите за мирен, одржлив свет.

### Микро-макро пристап:

Главни форми:

- *Од локална на глобална, на пример од загадувањето или сиромаштијата во нашата околина ние сме наведени до глобалната димензија на овие проблеми и назад на локално ниво (глокализација).*
- *Од лично на колективно, на пример од личните приказни и искуства презентирани од страна на учесниците во една мултикултурна глобално образовна програма, ние сме наведени да се соочиме со проблемот на миграцијата на колективна база.*
- *Од емоционална на рационална, на пример од чувствата покренати на лично ниво по горенаведените приказни за миграцијата, ние сме наведени да ги истражуваме општите аспекти на проблемот на миграција.*

### Интердисциплинарен пристап:

Глобалните прашања можат да се развиваат преку било кој предмет на наставната програма, формална или неформална. Поврзувањето на специфичното знаење за општите знаења и поврзување на различни податоци кои доаѓаат од различни

науки овозможува еден мулти-перспективен пристап, кој е потребен за согледување на знаењето како обединет систем и така да се разбереме себеси и другите во еден сложен, меѓусебно зависен свет, каде што нашите животни реалности можат да бидат надополнувачки, но исто така и противречни. Движењето од култура на индивидуализам кон култура на партнерство претпоставува преобразба на личните критериуми на единствената вистина на колективните критериуми за повеќекратни реалности.

## Временска димензија:

При пристапувањето кон едно глобално прашање, справувањето со сите три димензии е многу битно. На пример, првично ние сме природно фокусирани на тоа како еден проблем се појавува во сегашноста. Сепак, ние исто така треба да го видиме неговото минато и да истражуваме можности за иднината.



### Историчноста на знаењето:

Покрај тоа, важно е да се препознае историчноста и границите на индивидуалните и социјалните процеси, различните фази на развој на појавите, генезата и влошувањето, ограничувањата и можната исцрпеност и уништување на било кој систем (еколошки, социјален, економски, политички) за да се постигне едно разумно сфаќање на ситуациите.

### Справување со противречностите:

Очекувано е глобалните прашања да бидат контроверзни. Затоа, во справувањето со ваквите прашања, противречностите не треба да се избегнуваат, туку да се спротиставаат на еден избалансиран начин, за постигнување на една синтеза на погледи. Се разбира, оваа синтеза не е секогаш можна. На пример, прашањата поврзани со религијата можат да бидат многу контроверзни; а заклучоците пак можеби не се можни во една демократска дебата. Меѓутоа, една таква дебата има заслуга сама по себе. Прашањето на почитување на различните култури нужно ќе се дискутира во претходниот пример. И сите во групата ќе сфатат дека живееме во свет кој брзо се менува, во кој ние треба да ги преиспитаме постоечките верувања, вредности и ставови.

### Соочување со прашања на националниот и културен идентитет:

Овие прашања се обично поврзани со миграцијата, ксенофобијата, стереотипите и човековите права и затоа можат да бидат многу контроверзни и треба да се третираат на многу деликатен начин. Иако глобалното образование значи отпор кон состојбата на статус кво, тоа никогаш не треба да се смета за закана, туку секогаш за еден позитивен предизвик кој може да го збогати и прошири националниот и културниот идентитет.

### Воведување на елемент на промена:

Постојаните промени, а оттука, несигурноста и нестабилноста се реалност во нашиот свет. Глобалното образование треба да ги подготви неговите ученици да се соочат со оваа реалност и да се прилагодат на позитивен, конструктивен начин. Ова значи изнаоѓање начини за постигање на еден вид на добра рамнотежа меѓу стабилноста и промените. За оваа цел е потребен еден похолистичен пристап кој

ги поврзува различните димензии на битието (физички, интелектуални, емоционални и духовни) со различните димензии на животната средина (природни, општествени, културни, економски и политички).

### Инспирација на Оптимизмот и Уживањето:

Глобалното образование е оптимистичко и носи надеж. Постојат многу модерни "пророци" кои, во Касандра стил, се чини дека го пророчуват крајот на светот. Како да се справиме со песимизмот? Еден позитивен начин е да се потенцира верата во човечката природа. Вратете се во историјата за две или три генерации и види го напредокот што е направен, на пример, во социјалната заштита или ширењето на образованието, со цел да отворите позитивни перспективи. Глобалното образование, исто така треба да биде пријатно - еден елемент поврзан со неговиот оптимизам. Хуморот, исто така, помага во создавање на атмосфера на среќа. Користете активни, забавни методи кои можат да имаат драстичен ефект врз развојот на глобалните вештини и вредности и да доведат до акција.

### Надоградување врз личните искуства или симулации:

Личните искуства или симулации се форми на искуствено учење. Педагошките теории велат дека "луѓето учат најсилно преку своите искуства, во ситуации кои вклучуваат спознание, емоции и акција". Симулативните активности на глобалното образование може да предизвикат силни емоции кои не се лесни за справување. Токму затоа воспитувачот мора да биде подготвен да се справи со силни емоции и треба да го знае и разбира секој човек во групата. Емотивните активности треба да се користат многу внимателно, во одредена временска рамка, било како појдовни точки или како дел од целокупната програма. Во спротивно, многу емоции може да ја оддалечат работата во група од разум и размислување. Методите кои овозможуваат како искуство така и одразување и го балансираат нивото на когнитивноста, емоционалноста и акцијата, се најефикасни за учење во глобалното образование.

### Стимулирање на активно вклучување:

Стимулирањето на активното вклучување е многу важно за промена на вредностите и ставовите. Активностите може да се дизајнираат од страна на учениците, за група на ученици и за локалната заедница, врз основа на проценката на нивните реалности и потреби. Учесниците можат да се обидат да предложат решенија, па дури и да преземат колективна акција за промовирање на трансформацијата во нивната средина на микро ниво (училницата, училиштето, заедницата, селото, итн),

на пример, поврзување на формалното образование со невладините организации (НВО). Преку овие процеси, учениците можат да препознаат како учеството и способноста да се одговори на веродостојни потреби го подобруваат квалитетот на животот во заедницата, со надеж дека ќе доведе до доживотна етика или услуга и граѓанското ангажирање.

### Вмрежување помеѓу народите:

При практикување на глобалното образование, создавањето на врски со други земји, култури и општества е многу важно. Овие врски значат видлива, конкретна солидарност на групите кои работат заедно. Тие можат, на пример, да им помогнат на луѓето во развиените региони да го ценат селскиот наспроти градскиот живот и луѓето во помалку развиените земји да разберат дека не сите луѓе во развиените земји се родени со сребрена лажичка во уста. Од друга страна, мигранти од разни земји постојат насекаде. Преку нивно вклучување во образовниот процес внесуваме различни гласови, покажувајќи ја на тој начин нашата меѓусебна зависност и потреба за солидарност.

### Користење на повеќе извори:

Воспитувачите кои го практикуваат глобалното образование треба да користат широк спектар на извори, во согласност со реалностите на средината за учење (каде, кога, кој, што, како и содржината и контекстот на програмата).

Многу често објективните тешкотии ја елиминираат можноста за избор на ресурси. Глобалните воспитувачи треба да бидат флексибилни и да ги адаптираат нивните активности на постоечките ресурси и активности. Она што е важно во глобалното образование не е алатката, туку начинот на кој ќе ја користите.

### Користење на медиумите:

Добивањето на информации од медиумите (печатот, ТВ, интернетот) е дел од нашиот секојдневен живот. Глобалното образование преку медиумите претставува истовремено и средство и цел - средство поради големата количина и разновидност на информации кои доаѓаат од различни комплементарни извори и цел бидејќи учењето за светот преку медиумските извори е најдобар начин да се развие свест за медиумите, што е апсолутно неопходно за глобалните граѓани денес.

***Разбирањето на медиумите е цел на глобалното образование:*** *Образованието за медиумите е директно поврзано со глобалното образование, бидејќи поттикнува критичко размислување, преку критички приод кон одреден извор на информација (објективни или субјективни, идеолошки и културно ориентирани), преку дешифрирање на знаците и симболите на било која пренесувана информација (текстови, слики, звуци, итн) и преку анализа, разграничување и споредба на она што претставува настан и вистинска ситуација и она што претставува мислење и коментар. Образованието за медиумите го поддржува глобалното образование, бидејќи тоа е поврзано со различни теми во рамките на формалните и неформалните програми. Еден sine qua non услов за користење на медиумите по било кој предмет во образованието е со цел да се разликува информацијата од знаењето.*

***Користење на медиумите како извор во глобалното образование:*** *Користењето на информациите од медиумите во процесот на учење може да биде исклучително интересно на микро ниво - да се знае за микрокосмосот кој ја опкружува учебната група, разбирањето на тоа како локалната заедница реагира на реалноста на светот и анализирање на тоа како луѓето кои живеат околу нас ги согледуваат информациите за глобалниот контекст. Тоа е исто така и предизвикувачки извор на информации на макро ниво за разбирање на меѓузависноста на светот во кој живееме. Во глобалното образование воспитувачот кој ги користи медиумите може да ги поттикне учениците да станат свесни за глобалните проблеми, да станат критичка публика за било каква форма на дадени информации, да ги деконструираат стереотипите, да развијат една култура на разбирање и да станат активни граѓани. Учениците кои ги користат медиумите во процесот на учење во глобалното образование можат да бидат активни истражувачи на информации и партиципативни учесници во еден процес кон откривање на знаењето.*

***Користење на медиумите како средство за делување како глобални граѓани:*** *Користењето на медиумите е предизвикувачки начин не само за добивање, но, исто така и за ширење на информација од групата до локалната и глобалната заедница, ако групата премине од учебната активност на акција во реалниот живот или во сајбер просторот. Медиумите можат да се користат за подигање на свеста на луѓето и за давање видливост на поедини или колективни активности од заеднички интерес (на пример: акции на солидарност или соработка за благосостојба на заедницата, протести против повреди, мултикултурни настани, активности за одржливост).*

Динамичките процеси:

Активностите на глобалното образование следат еден процес на постојана подготовка, акција и одраз. Сите учесници на ваквиот вид на образование ќе спроведат проценка на потребите, ќе развијат предлози, ќе создадат акциски планови, ќе размислат и ќе ги споделат резултатите на нивното делување со нивната група. Внатрешната евалуација е важен столб на целиот процес, базирана на рефлексија и поврзана со целите на активноста. Резултатите од евалуацијата можат да бидат почетна точка за повторно дизајнирање на една активност или проект, за нови перспективи и планови. Глобалното образование не е статична, повторлива постапка, но континуиран и динамичен процес на размислување и дејствување, односно пракса.

## МЕТОДИ ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Глобалното образование, со неговиот широк спектар на прашања и динамични стремежи навистина нуди многу можности за користење на различни методи при неговото практикување - од по “класичните” до по “иновативните”. Тоа што воспитувачите треба да го запаметат е дека една метода претставува еден учебен пристап, директно поврзан со целите и во кохерентна, динамична интеракција со содржината на секое прашање и активност. Покрај тоа, поважен е процесот преку кој учениците учат како да учат, отколку стекнувањето на самото знаење.

Битната работа во глобалното образование е тоа што, во секој случај, ние ги користиме методолошките предлози прикажани погоре. Така, една средина сконцентрирана на ученикот обично ја исклучува веќе “класичната” метода на долго предавање насочено кон пасивните слушатели, дури и ако во текот на оваа лекција се користи модерна технологија. Слично на тоа, работните листови не можат да бидат многу ефикасни доколку тие се засноваат на долги, суви научни текстови проследени со бројни “академски” прашања кои бараат индивидуален одговор. Од друга страна, приказните (раскажани или дадени во форма на стрипови) или цртаните филмови, придружени со некои инспиративни прашања, можат подобро да ги мотивираат учениците да бараат одговори во групи и разговараат за аспектите на глобалните проблеми во една партиципативна, кооперативна, искуствена и пред сè, демократска средина за учење.

По оваа основа било што е интерактивно е добредојдено: вежбите за опуштање и енергија, симулациските активности и игри, играњето на улоги, бурата на идеи, вежбите за решавање на проблеми, дебатите, групните дискусии, панелите или трибините, вежбите во пар групи, размената на искуства, истражувањата и презентациите, студиските посети, партиципативната уметност, студиите на случај, уметничките активности, вклучувајќи ја музиката и/или танцот и активностите врз основа на раскази и приказни или визуелните уметности / иконографијата (фотографии, филмови, колажи, стрипови, цртежи и слично).

Постојат бројни методи од овој вид и обучените воспитувачи ги знаат. Денес постојат голем број на печатени и онлајн материјали, обезбедени од европските и меѓународните организации, кои опишуваат конкретни примери и идеи за таквите методи[7].

Во сите нив главната порака мора да биде една, дека местото каде што се практикува глобалното образование, метафорички треба да личи на кошница во која сите пчели имаат улога да играат околу една заедничка цел, единствената разликата е во тоа што воспитувачот не е автократскиот вид на кралица!

Разбирливо е дека во случајот на неформалното образование, поврзано со младински групи или позрели возрасни, треба да се внимава воспитувачот да наликува на еден вид на диригент во оркестар во која тој/таа и играчите демократски одлучуваат за деталите на нивната програма, како и за сечиите индивидуални и колективни улоги, со цел да се постигне една крајно хармонична симфонија!

## ВОСПИТУВАЧИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И ОБРАЗОВНИТЕ ВЛАСТИ СЕ СООЧУВААТ СО НОВИ МЕТОДИ

Бидејќи воспитувачите дејствуваат не само како членови на образовниот систем, туку и како поединци и членови на едно општество во постојано менување, често се појавуваат иновативни методи во образованието како резултат на постапката од долу - нагоре. Да се биде воспитувач кој се занимава со глобалното образование, од вас секако бара да ги развиете сопствените методи, во согласност со вашите знаења, вештини, обука, личност, самодоверба, идеи и мотивација. Како резултат на самоевалуацијата поврзана со еден критички пристап кон конвенционалните методи кои се користат во образованието, или како едноставна човечка потреба за развој и унапредување, многу воспитувачи бараат нови методи кои соодветствуваат

7 Види веб страница на North-South Центарот: www.nscentre.org, линк образование

на предизвиците на нашето време. Понекогаш учениците, исто така бараат нови и иновативни методи и се критични кон традиционалните. Но, многу често, најмалку во формалното образование воспитувачите кои се во потрага и бараат нови методи преку програма за обука од страна на образовните органи, всушност бараат само нови алатки. И многу често надлежните органи нудат нови алатки или опрема и сметаат дека употребата на ваквите алатки ќе ја промени методологијата, а потоа ќе влијае врз "ефикасноста" на наставата, без да се одрази на доследноста меѓу алатките, методите, целите и содржината (што, зошто, како). Таа е причината зошто појаснувањето на улогата и значењето на иновативните методи, со или без нови алатки и опрема, е уште еден предизвик за глобалното образование.

## ПРЕПОРАЧАНИ ПРАКТИКТИ

### а) Метода на проектот

Да се работи околу заедничка глобална тема или нејзините аспекти, за учениците во формалниот и неформалниот сектор претставува многу креативна задача. Во работата може да се вклучуваат одредени елементи, како информативни текстови, поезија или проза, фотографии, цртежи, графики, стрипови, карикатури, извадоци од весници или списанија, колажи, школски весник, музика, играње на улоги, па дури и производството на аудио-визуелни материјали или на CD-ROM. Дури и ако проектот се изведува индивидуално, мора да има колективна димензија, вклучувајќи и една конечна презентација, дискусија и евалуација од страна на одделението. Сепак, подобро е ако тоа е резултат на екипната работа каде што учесниците може да придонесат за некои или сите горенаведени елементи според нивните интереси и таленти. Работата на терен е исто така добредојдена, почнувајќи, каде што е можно, зависно од локалните ситуации. Конечниот резултат може да биде една изложба на целиот проект во местото каде што е создаден или на ниво на локалната заедница[8].

Една одлична можност за таквите проекти е понудена од страна на Неделата на Глобалното Образование - годишниот настан инициран и координиран од страна на North-South Центарот на Советот на Европа.

8 Види веб страница на North-South Центарот: www.nscentre.org, линк за образованието

## б) Метода на светските линкови

Овој метод може да му даде вистинска материја на претходниот. Како што е општо наведено погоре, доведувањето на глобалната реалност во училница (или било кој друг учебен простор) за активна соработка е од суштинско значење во програмите за глобално образование, во формалниот и неформалниот сектор.

Тоа може да се направи на повеќе начини:

- *носење на луѓе од други држави во образовниот процес, па дури и посета на други држави каде што е можна групна посета;*
- *создавање на врски и мрежи со луѓе од различни делови на светот преку пошта или мејл преписка;*
- *пречекување на посетители од различни култури, на пример мигранти кои живеат во вашата земја, во сала на вработените и училниците на училиштата или местото на одржување на неформалната програма за глобално образование (ГО);*
- *организирање на мултикултурни настани, гозби, изложби или други активности во училишта или јавни места и вклучување на луѓе од различни култури во ваквите активности, вклучувајќи различни стилови на храна, музика, танц, а можеби и драма;*
- *носење на учениците во области каде живеат сиромашните луѓе, за да можат да ја доживеат ситуацијата и ако е можно, да соработуваат со нив во конфронтацијата со локалните проблеми;*
- *вклучување на учениците во активностите насочени кон помагање на сиромашните луѓе или волонтерска работа иницирана од невладините организации, особено во формалното образование;*
- *организирање на средби на наставниот кадар, учениците и родителите за наставни сесии околу мултикултурни теми.*

### ц) Меѓународни училишни партнерства

Оваа практика ја комплетира претходната. Постојат стотици билатерални врски меѓу јужните и северните и источните и западните училишта. Неколку меѓународни организации кои поврзуваат училишта се во процес на воспоставување на триаголници и (евентуално) мрежи на училишни линкови, кои обезбедуваат веб-сајтови, идеи, напишани искуства и извештаи. Во повеќето европски земји постојат национални агенции или невладини организации кои обезбедуваат поддршка за училишта кои се заинтересирани за меѓународни училишни партнерства. Особено north-south училишните партнерства нудат многу можности за глобално образование.

Од наша гледна точка овие партнерства овозможуваат:

- *подобро разбирање на глобалната меѓузависност преку директни контакти меѓу учениците и наставниците од земјите партнери и училиштата*
- *надминување на меѓусебните стереотипи и предрасуди*
- *зголемување на мотивацијата на учениците и наставниците*
- *нова култура на настава и учење, на пример по предмет - поврзување/ преклопување на настава*
- *понатамошен развој на значајните клучни компетенции за сите кои се вклучени, на пример, современите комуникациски технологии, управувањето со проекти, вештините за странски јазици, меѓународната комуникација меѓу учениците и наставниците*

Од методолошка гледна точка, north-south училишните партнерства нудат многу можности за конкретни активности во одделение:

- *размена на писма (рачно пишани, електронски)*
- *дизајнирање и користење на интерактивни веб-страници (вклучувајќи форуми за дискусија и виртуелни простории за разговор)*
- *размена на резултатите од проектната работа со партнерските училишта*
- *Поканување во училницата на експерт од матичната земја на вашето партнерско*
- *училиште, кој живее во вашето село или град за да добиете повеќе информации во врска со земјите партнери*

- *планирање на меѓусебни посети помеѓу партнерските училишта*

## д) Дебатни натпревари

Дебатните натпревари претставуваат многу привлечен метод преку кој учениците во формалното или неформалното образование може да станат свесни за современите проблеми на глобалното образование. Зависно од расположливите средства, тие можат да се организираат во група, училиште, локално, национално или меѓународно ниво.

Целите на натпреварот:

- *Да ги развијат вештините на говор и аргументација врз основа на критичко размислување*
- *Да ги сензибилизира студентите за современите проблеми и да ги води до поставување на прашања преку истражување на овие проблеми*
- *Да култивираат критичен ум*
- *Да станат критички приемници на пораки и да развијат критичка отпорност кон манипулација*

Критериуми за вреднување:

- *Содржина (убедување, аргументи, ниво на говор)*
- *Општа појава (глас, став, гестови, изразите)*
- *Време (придржување до временските рокови).*

Општ коментар: најважниот елемент во овој вид на натпревари не е да се победи, туку да се учествува. Учесниците треба да разберат дека заслугата се наоѓа во самото стимулирачко патување, а не во дестинацијата. Преку оваа патување тие се стекнуваат со искуство и знаење кои нив ги надградуваат како просветлени глобални граѓани.

## е) Партиципативни умешности

Партиципативните умешностите (ПУ) ја имаат улогата на интерфејс во кој олеснувачите (уметници и/или други лица кои имаат специфична позадина) и не-уметниците комуницираат користејќи посебни правила и инструменти за изведбата. Ова колективно образовно искуство ги води учесниците на друг вид на само-подобрување преку промоција на начелата кои создаваат еден заеднички, безбеден простор на физичка и ментална удобност. Во овој простор, воспитувачите (обучувачи, наставници, психолози, уметници) и учениците ќе работат заедно во партнерство базирано врз почит и еднаквост. Овој вид на уметничко-формативна активност доаѓа како одговор на групните потреби, претходно идентификувани и утврдени преку посебни постапки. Во врска со образовната цел, во партиципативните умешности, процесот е исто толку важен колку и крајниот резултат (перформансите, настанот, графитите, социјалниот театар и др). ПУ методите ќе ја растворат секоја кочница и ќе ја заменат со задоволството на афирмација на можностите/личностите и личните достигнувања.

Театар-форумот како ПУ е метод во различни контексти и за различни проблеми со кои се соочуваат различни групи, со различни интереси, кои доаѓаат од различни социјални и професионални категории.

Обучувачите ја користат ПУ како ефикасен начин за стимулирање на активизам/вклученост во социјалните, политичките и образовните нивоа. Методот се базира на јазикот на театарот и на естетскиот простор со цел да се стимулира интерактивноста на сите учесници. Тие стануваат гледачи и актери (гледачи-актери), обединети во истражување, анализа и преиспитување на повеќето од проблемите на групата на која и припаѓаат.

За почеток, ние прикажуваме една сцена која содржи проблем (модел) кој ќе покаже акција како стимулант и ќе ги натера гледачите-актери да реагираат и да се обидат да најдат решенија или можни алтернативи преку замена на главниот лик и/или други ликови, доведувајќи на тој начин нов развој на акцијата. Моделот на сцената/проблемот мора да содржи најмалку еден неприфатлив пристап (насилство, дискриминација, не-учество, итн), кој ќе се промени од страна на учесниците и ќе се замени со еден нормален пристап.

Форумот се докажа за корисен во анализирањето на ситуацијата, дури и ако можните решенија не се развиени до крај. Сепак, позитивните приоди веќе претставуваат задоволувачки резултат. Во секој случај, дебатата, форумот и всушност самиот процес се поважни отколку предложеното решение, бидејќи едноставната конфронтација на идеи и размена на причини и аргументи ги стимулира и ги обучува учесниците за акција во реалниот живот. Симулацијата на форумот ќе биде едно валидно решение за реалниот живот.

### ф) Заедница за учење

Оваа техника вклучува општествена служба и рефлексија на таа служба. Таа негува општествена одговорност и посветеност спрема поблиската реалност. Заедницата за учење, исто така, може да се користи за примена на знаењата и вештините за одредени прашања или за да се научи како да се пренесат одредени ситуации. Таа е поврзана со идејата за практични активности поврзани со процесот на градење на знаењето.

Содржините се учат, не само од теоретскиот пристап, туку исто така и од додадената вредност која доаѓа од новата компонента - работа на терен и практики кои ги продлабочуваат научените концепти во теорија, со силни поими искусени во реалноста.

Заедницата за учење е одлична практика во учењето за глобалното образование, обезбедувајќи информации и развивајќи ги вештините за обука во “реални ситуации” на секојдневниот живот и општеството.

### г) Учење за заеднички живот преку[9]

*Искуствени практики*

Ги вклучува следните карактеристики:

- *учениците ја следат сопствената љубопитност и интереси*
- *тие учат преку непосредно искуство (учење преку правење)*
- *воспитувачот е повеќе олеснувач или посредник за учење отколку единствен извор на знаење*
- *не постои формална евалуација на учењето*

9 Delors, J. Apprendre - Un trésor est caché dedans, Париз, Ed. Odile Jacob, 1996 година

- *учениците после размислуваат за нивното учење*

*Колаборативни практики*

Ова е социјално и интерактивно учење, каде што групните процеси преовладуваат над индивидуалното учење. Од оваа перспектива, страниците за ГО активности го охрабруваат развојот на вештините како што се:

- *поставување на заедничка цел*
- *екипна работа*
- *одредување на улога на секој член на групата*
- *воспоставување заедничка одговорност*
- *организирање на поделбата на трудот*
- *поставување на заеднички ресурси*
- *создавање на капацитет за учење едни од други и едни со други.*

*Меѓукултурни практики*

Многу ГО страни, го охрабруваат овој вид на учење, кој е базиран на две начела:

- *културен релативизам, според кој не постои хиерархија на културите (една култура не може да се примени за осуда на активностите на друга култура)*
- *реципроцитет, со други зборови, интеракција и вкрстено-информирање за културите во контекст на нашето мултикултурно општество.*

Поаѓајќи од овие две основни начела, интеркултурното учење развиено од страна на ГО страните, има за цел да се постигнат следните цели:

- *надминување на етноцентризмот*
- *стекнување на способноста за сочувствување со другите култури*
- *развивање на средства за соработка долж културните граници во една мултикултурна средина*
- *стекнување на способност за комуницирање преку културните граници, на пример, преку двојазичност*
- *обликување на нов колективен идентитет, кој ги надминува индивидуалните културни разлики*

*Практики на акција*

Ова е целно ориентиран процес организиран како правило во облик на еден проект со прецизни исходи. За спроведување на проектот обучувачите/наставниците треба да:

- *изрично да ги формулираат целите на учење*
- *им помогнат на учениците да ги изберат своите стратегии за учење*
- *ги мотивираат учениците на таков начин што ќе ги натера да преземат одговорност за своето учење*
- *да развијат конкретни проекти кои можат да се спроведат во целост од страна на учениците*
- *го поттикнат постепеното зголемување на независноста на учениците*
- *им дозволат на учениците да ја разберат сопствената акција преку одразување (учење преку рефлексивна пракса)*

*Контекстуални практики*

Ова претпоставува постојана интеграција на учењето на поединците во системот на културните и граѓанските референци на групата, заедницата или општеството на која тој/таа и припаѓа или со која се поистоветува. За стимулирање на ова значајно учење, чинителите кои се вклучени во проекти се фокусирани на:

- *помагање на учениците да добијат целосна слика на учебните цели и стратегии*
- *поттикнување на учениците и разјаснување на вредностите и идентитетите кои тие ги претпоставуваат*
- *користење на претходното искуство и знаење на учениците*
- *поттикнување на учениците да прошират, испитуваат и применат нови искуства во нивниот секојдневен живот*
- *препуштање на учениците да извлечат сопствени заклучоци*
- *негување на една глобална визија за општеството*

### ѓ) Спортот

Спортот може да промовира еднаквост, учество и вклученост и да ги подобри социјалните вредности и цели на поединците, како што се макотрпна работа, фер игра, развој на карактерот и тимска работа. Се покажа дека учеството во спортот создава зголемена посветеност кон заедницата, подобрување на меѓучовечките односи и поголема тенденција за преземање на лидерски улоги. Бидејќи спортот, исто така ја промовира социјалната кохезија и меѓусебното разбирање и почитување, може да се користи за испраќање на пораки на разбирање на разновидноста и да помогне во изнаоѓање на ненасилни средства при соочување со тешки ситуации[10].

Глобалното образование, исто така треба да вметне спортски активности како главен ресурс врз основа на интересот и ентузијазмот кој тие го создаваат кај децата и младите и можностите кои овој интерес ги отвора за создавање на отворен простор за дијалог, истражување и проучување помеѓу групи на различни културни, верски и етнички потекла, карактеристични за глобализираниот свет[11].

## КРИТЕРИУМИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Како што споменавме порано, во глобалното образование се користат голем број на разновидни методи и материјали и е можен еден широк спектар на образовни поставки и акции.

За планирањето, спроведувањето и оценувањето на активностите, врз основа на методологијата за глобално образование, следнава листа на прашања може да даде некои насоки:

1. Појаснување на целите
    - *Каква порака би сакал да и дадам на мојата публика / целна група на крајот на акцијата?*
    - *Кои се целите (во број на учесници и стратегија) на акцијата?*
    - *Процесот на организирање на глобално образовната акција е често поважен од исходот!*

---

10 Повеќе за спортовите како метод на: www.toolkitsportdevelopment.org

11 Повеќе за практиките во: Birzea, César - Education for democratic citizenship: a lifelong learning perspective, Совет за Културна Соработка (CDCC). Совет на Европа, Стразбург, јуни 2000

2. Учество на партнерите и заинтересираните страни

- *Кој (колеги, експерти, организации) би можел да биде партнер во организирањето на глобално образовната акција?*
- *Дали е можно да се вклучат луѓе од различни социјални и културни контексти (на пример заедници, религиозни групи)?*
- *Како и во која форма би можеле сите партнери да бидат вклучени во планирањето и спроведувањето на глобално образовната акција?*
- *Каква улога треба да одиграат различните партнери? Дали тие имаат капацитет да ги извршат своите задачи?*
- *Како е организиран процесот на соработка? Дали постои атмосфера на почитување и партиципативна соработка?*
- *Дали е сигурно дека сите партнери може да се идентификуваат со процесот и исходот?*

3. Формат на акциите

- *Дали постои соодветна врска помеѓу содржината и видот/форматот на акицјата?*
- *Дали видот/форматот на акцијата овозможува активна вклученост на учесниците?*
- *Дали се соодветни локацијата и средината во текот на глобално образовната акција?*

4. Логистика

- *- Временската рамка: Дали глобално образовната акција е однапред добро планирана? Дали датумот (работен ден, поврзан со други настани во истиот ден) на акцијата е соодветно избран?*
- *- Буџет: Дали е потребно надворешно финансирање или прибирање на финансиски средства (на пример, за кирија, такси)? Прашањето за буџетот треба да се појасни помеѓу сите партнери.*
- *- Човечки ресурси: Дали има доволно поддршка од луѓето за акцијата?*

5. Односи со јавноста и медиумите

- *Каков вид на промоција (на пример, флаери, постери, радио или телевизиски спот) е планирана за глобално образованата акцијата?*
- *Дали е можно вклучување на локални, регионални или национални медиуми во промоцијата?*

6. Оддржливост

- *- Каков вид на документација (за учесниците) се планира?*
- *- Дали се очекува било каква активност за следење?*

7. Вреднување

- *- Каков вид на вреднување на акцијата е планирана?*
- *- Дали е планирано вреднување на тимската работа?*

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕСУРСИ

Како што е погоре наведено, не постои една иста метода за сите целни групи. Не може сите ресурси да се користат во сите учебни групи на ист начин; и еден ресурс не може да се користи на ист начин со различна група или под различни услови. Ова треба да биде во нашите глави секогаш кога сакаме да избереме ресурси за употреба во одредена лекција или активност.

Сепак, некои критериуми за избор на корисни ресурси за глобалното образование може да им се препорачаат на сите практичари на глобалното образование во формалните и неформалните сектори. Слични критериуми може да се употребат за вреднување на ресурсите, поврзани со глобалните цели на образованието и според влијанието врз учебната група. Се разбира, како воспитувачи, ние не треба да очекуваме да најдеме ресурси со сите подолу споменати карактеристики затоа што во спротивно никогаш нема да одлучиме да ги тестираме или да ги применуваме.

### 1. Користење на еден ресурс со една учебна група

Изберете го вашиот ресурс во согласност со вашата учебна група. Ова значи според:

- ***Староснатa група*** *на учениците - не премногу едноставен, не премногу комплициран не премногу детски, не премногу сериозен.*
- ***Јазичното ниво*** *на учениците - ако тие не ги разбираат инструкциите на еден ресурс, нема да можат да учествуваат. Ако инструкциите се премногу едноставни, тие ќе се чувствуваат дека не ги сметате за доволно паметни или доволно возрасни да го користат тој ресурс.*
- ***Способностите*** *на сите ученици, особено во групите со мешани способности. Не е корисно да се користи еден ресурс, ако не сте сигурни дека учениците може да го направат тоа.*
- ***Културната различност*** *на групата - не премногу ориентиран кон одредена култура, особено ако групата е многу-културна, бидејќи учениците може да не ја разберат или погрешно да ја разберат содржината.*
- ***Интересите*** *на групата - еден ресурс кој е многу интересен за воспитувачот или обучувачот може да биде здодевен за учениците.*

### 2. Форматот

Ако ресурсот е пакет или алатка, голем или мал, едно парче или многу парчиња, треба да провериме дали:

- *Лесно се пакува*
- *Лесно се транспортира, рачно или во багаж*
- *Лесно се отвара, се поставува, е подготвен за употреба*
- *Лесно се користи во просторот предвиден за таа цел*
- *Лесно се применува во временската рамка на активноста*

Ако ресурсот е во електронски формат, треба да провериме дали:

- *има опрема на располагање (компјутери, интернет врска, итн) во средината за учење*
- *форматот е компатибилен со единицата достапна за активноста*
- *ресурсот може брзо и лесно да се инсталира*
- *податоците се лесно достапни за секого*

### 3. Формат и содржина

Еден добар ресурс:

- *е флексибилен за користење во различни ситуации*
- *може да се прилагоди за различни ситуации*
- *може лесно да се менува, доколку е потребно*
- *може лесно да се преведе на друг јазик, доколку е потребно*

## 4. Содржината

Еден ресурс на глобалното образование:

- *покренува прашања за дискусија на теми од глобалното образование*
- *предизвикува прашања за стереотипните гледишта*
- *дава реални, но сепак позитивни перспективи*
- *ги вклучува перспективите на другите*
- *ја подобрува средината за учење*

## 5. Цели и очекувања

Во текот на активноста еден добар ресурс:

- *ги предизвикува како воспитувачот така и учебната група да го користат,*
- *им помага на воспитувачите да ги постигнат нивните цели на еден поинтересен, стимулитавен начин*
- *им помага на учениците да ги постигнат целите и да стекнат знаење*
- *соодветствува на очекувањата на воспитувачите и учениците, но може да приреди пријатно изненадување*
- *ја стимулира креативноста*
- *е соодветен на содржината и контекстот на активноста*

После активноста еден добар ресурс:

- *дава желба за повеќе учење*
- *отвора можности за нови активности*
- *го инспирира користењето на друг ресурс на глобалното образование*
- *помага да се развие критичко гледиште (позитивно или негативно) за други ресурси*
- *помага во градењето на критериумите за избор на ресурси*
- *им овозможува на учениците и на воспитувачите да се одразат и да ја подобрат нивната методологија на учење*

## 6. Влијанието

Еден добар ресурс е пријатен ако:

- *може да биде смешен и сериозен*
- *може да содржи едноставни и сложени идеи*
- *може да не натера да се насмееме и плачеме*
- *со сигурност предизвикува критичко одразување*

## 7. Како се користи

Еден добар ресурс на глобалното образование:

- *поттикнува учество*
- *може да се користи од секого*
- *е претставен на начин кој го почитува корисникот*
- *ја буди креативноста на корисниците*
- *бара интерактивност*
- *ви покажува како да се погрижите за него*

## 8. Пред да изберете еден ресурс

- *Ако е можно, побарајте мислење од други воспитувачи кои го користеле ресурсот. Но не заборавајте дека употребата на истиот ресурс, никогаш не е иста, бидејќи тоа ќе зависи од различните учења, услови и непредвидени фактори.*
- *Пробајте го најпрвин во мали групи за да тестирате дали функционира. Ако нешто тргне наопаку помалку е поволно да ги промените вашите планови во помала  отколку во поголема група,*
- *Поставете се во позиција на ученик и размислете дали би сакале да учите од овој ресурс*
- *Пресметајте ја на цената на ресурсот и буџетот потребен за вашиот севкупен проект*

9. После користењето на еден ресурс:

- *размислете дали ви помогна во постигањето на вашите цели*
- *размислете за покренатите прашања*
- *измерете го влијанието врз вашата учебна група*
- *пронајдете ја додадената вредност на вашата активност, во поглед на прашањата од глобалното образование.*

## КРИТЕРИУМИ ЗА ДИЗАЈНИРАЊЕ НА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ ПОСТАВУВАЊА

Тоа што можеби треба да се разјасни и да се договори е дека дизајнирањето на наставната програма за глобалното образование не значи инкорпорирање на една нова специфична дисциплина во една постоечка или нова наставна програма. Најпрвин, ова е поради тоа што глобалното образование не може да се ограничи на една дисциплина, особено ако наставната програма во целина следи други насоки во однос на образовните цели. Второ, глобалното образование не може да се ограничи на изолираната волја на еден воспитувач, координатор или лице кое донесува одлуки, особено ако сите други чувствуваат дека не се засегнати. И конечно глобалното образование во суштина е интердисциплинарна перспектива, која го промовира инкорпорирањето на глобалните прашања во било која образовна програма и им овозможува на наставниците да им пријдат на таквите прашања преку било кој предмет.

Критериумите за дизајнирање на наставната програма за глобалното образование може да се постават врз две оски, (а) критериуми за содржината на самата програма и (б) критериуми за постапката која ќе се следи при дизајнирање на наставната програма. Се разбира потребно е двете оски да бидат во согласност со целите на глобалното образование.

НИКОГАШ НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ ДЕКА ЕДЕН РЕСУРС Е САМО РЕСУРС. ПРИДОБИВКИТЕ НА ЕДЕН РЕСУРС ЗАВИСАТ ОД::

- Како го користите
- Колку долго го користите
- Колку често го користите во истата група
- Како е прифатен од страна на вашата група
- Што постигате откако го користите

## Критериуми за содржината на ГО програмата

Содржината на наставната програма вклучува не само когнитивни и етички, но, исто така, и методолошки прашања, како што е објаснето погоре. Тоа значи дека најпрвин перспективите на глобалното образование мора да поминат низ сите аспекти на постапката за учење, т.е. средината за учење, методите, активностите, учебниците и другите ресурси. Одреден број на прашања може да ни помогнат да го дефинираме она што ја разликува перспективата на глобалното образование во наставната програма, за да ја дизајнираме содржината, а потоа да ја евалуираме ефективноста на наставната програма на глобалното образование со истите критериуми:

- *Дали наставната програма негува меѓународно разбирање и развива чувство на глобална одговорност?*
- *Дали наставната програма е претежно етноцентрична, национална или европски ориентирана или пак е мулти-културно ориентирана и карактеризирана од една глобална визија и поимање на светот?*
- *Дали ја нагласува истрагата за причините за конфликт и насилство и условите за мир кај поединци, институции и општества, преку перспективата на три-временската димензија?*
- *Дали е базирана на признавање на историчноста и меѓусебната поврзаност на двете појави и познавањето на појавите?*
- *Дали постојат врски помеѓу одредени прашања од секоја наука/предмет и општото познавање, со една глобална и историска перспектива, која ги негува основните човекови вредности?*
- *Дали постојат можности за врска помеѓу различните предмети кои го овозможуваат испитувањето во рамките на еден сеопфатен пристап на меѓузависноста помеѓу причините и последиците од сиромаштијата и зголемувањето на социјалните јазови, конфликтите и насилството, човечката репресија и социјалната исклученост, миграцијата и ксенофобијата, унилатералниот развој и еколошката катастрофа на локално и на глобално ниво.*
- *Дали се заснова на фундаменталните знаења и човекови вредности, додека го истражува заедничкото и разликите помеѓу разните перспективи?*
- *Дали го зема во предвид различното културно потекло на учениците и воспитувачите, на еден позитивен и конструктивен начин на градење врз постојните знаења кои доаѓаат од различни места на нашиот глобален свет?*

- *Дали им помага на учениците да развијат вештини за социјална писменост за конструктивно справување со светските проблемите на различни размери и нивоа од лично до глобално?*
- *Дали теоријата е јасно поврзана со праксата, отворајќи можности за учениците да дејствуваат како одговорни глобални граѓани?*
- *Дали ги инкорпорира партиципативните стратегии и макро/микро перспективи во проблемите на денешниот свет како начин на интеракција, како една голема развојна оска за работните проекти, како елементи за дискусија и анализа помеѓу учениците, подготвувајќи ги да станат активни членови на општеството во потрага за решенија во солидарноста?*
- *Дали вклучува строги упатства за наставните методи, со избирање на ресурси, добри практики или пак е поволна за широк спектар на ресурси и методи, предлагајќи голем спектар на примери на добри практики и ресурси?*
- *Дали различните предметни области нудат низа на можности за учење за една идна димензија, вклучувајќи го и слободоумното истражување на прашањата поврзани со градењето на едно побезбедно, правично, мирно и оддржливо светско општество?*
- *Дали постои флексибилна рамка која го овозможува извршувањето на различните методи и употребата на повеќе ресурси? Дали дава можности за интеракција и учење од едни други?*
- *Дали постојат можности за работа кон "единство на учење" помеѓу формалната и неформалната наставна програма?*
- *Дали има доволно простор и слобода за вонаставни активности компатибилни со целите на наставната програма?*
- *Дали му дава особено значење на развојот на вештините за доживотно учење кои ќе ја зајакнат склоноста на луѓето да учествуваат во синергии кои дејствуваат за социјален и одржлив развој?*
- *Дали е знаењето за единствената вистина дадена во секој дел на наставната програма, или е можно учебната група да го открие знаењето преку еден дијалектички пристап базиран на истражувања, колебања и прашања?*
- *Дали го истражува прогресивниот, динамичен развој на знаењето на глобално ниво? Згора на тоа, дали го негува еволутивниот процес на човештвото кон решенија за заедничките проблеми преку партнерство и солидарност?*

## Критериуми за постапката која се следи при дизајнирање на ГО програма

Очекувано е да прашањата на методологоијата за глобалното образование бидат одразени во постапката при дизајнирање на наставната програма на глобалното образование. Следниве прашања може да ни помогнат да ги идентификуваме овие прашања во процесот на дизајнирање на наставната програма и да поставиме критериуми за овој процес:

1. Дали е целиот процес партиципативен, соработлив, инклузивен, демократски и дијалошки? Дали се поканети сите чинители во образованието да се вклучат во процесот на одлучување? Особено:

### Дали воспитувачите се активно вклучени?

Дали тие се сметаат не само како множители или извршители на однапред-одлучена програма, туку како партнери во процесот на донесување одлуки?

Дали е јасно дека воспитувачите треба да ја превземат одговорноста за учество во процесот на дизајнирање на наставната програма, како рамноправни соговорници со другите релевантни чинители на образовната политика?

### Дали учениците се активно вклучени?

Ако глобалното образование има за цел да создаде одговорно глобално граѓанство преку активното учество, нели е неопходно учениците да се сметаат како партнери во процесот на донесување одлуки околу дизајнот на наставната програма како во формалното така и во неформалното образование?

### Дали подеднакво се застапени различните културни и социјални групи?

Ако глобалното образование има за цел да развие почит кон културните и социјално-економските разлики и да ги воспитува луѓето да живеат со другите, како ќе ги вклучиме реалните аспекти и прашања од нашиот глобализиран свет во наставните програми, ако не преку вклучување на претставници на различни групи во процесот на одлучување? Придонесите од различните гледни точки кои доаѓаат од луѓе со различни културни и социјални потекла се од фундаментално значење за мулти-перспективниот поглед, особено во нашите мултикултурни, фрагментирани општества.

2. Дали следниве реченици ги карактеризираат луѓето кои се вклучени во дизајнот на наставната програма?

- *критички спрема информациите, стереотипите и конвенционалните ресурси*
- *не-догматски и со отворен ум*
- *способни за дијалог и почитување на различните мислења*
- *вешти во анализирање на глобалните реалности и неодамнешните социјални податоци*
- *надарени со вредности и ставови на глобални граѓани*
- *предиспозиција за евалуација на постоечките ресурси и потрага по нови*
- *одговорни за превземање на таква задача инспирирани од, и посветени на предизвиците на глобалното образование*

3. Дали процесот на дизајнирање на наставната програма е кохерентен со целите на глобалното образование? Дали наставните програми се дизајнирани за различни дисциплини или предмети независно од целокупната програма или во рамките на глобалното образование? Дали постојат различни интердисциплинарни а исто така и предметни комисии кои работат во тесна соработка едни со други? Дали е очигледно дека врските помеѓу различните предмети можат да се извлечат само во рамките на синергиите меѓу луѓето квалификувани во различни науки и со различни нивоа на образование, способни да работат во еден заеднички, интерактивен и холистички пристап?

4. Дали процесот на дизајнирање на наставната програма е битна за учебната средина на глобалното образование? Дали е одразувачки и стимулативен, интерактивен, креативен и надежен? Згора на тоа, дали е базиран на истражување, анализа и синтеза?

5. Дали процесот на дизајнирање на наставната програма вклучува критериуми за оценување и методи базирани на филозофијата и целите на глобалното образование? Дали се дефинирани критериумите (а) за почетна, формативна и конечна евалуација (б) за внатрешна и надворешна евалуација и самоевалуација?

6. Дали процесот за дизајнирање на наставната програма во формалниот или неформалниот сектор вклучува програма за обука на воспитувачи?

7. Дали постојат некои критериуми за оценување на самиот процес на дизајнирањето на наставната програма?

8. Дали постои механизам за еден процес на следење, кој ќе обезбеди рамка за постојани, одржливи надградувања на наставните програми, врз основа на евалуацијата на процесот на учење и во доследност со целите и методологијата на глобалното образование?

## ЕВАЛУАЦИЈАТА

Евалуацијата е неопходен процес во глобалното образование, кој ги овластува практичарите преку подигање на нивната свест за ефективноста на програмата за глобалното образование во која тие се вклучени.

Евалуацијата не е цел сама по себе. Таа треба да биде еден континуиран, бескраен процес на одраз/акција, поврзан со методологијата и целите на глобалното образование, овозможувајќи им на луѓето постојано да учат, да го подобрат квалитетот на нивните методи и да го зајакнат глобалното образование во нивната животна средина. Процесот на евалуација може да се спроведе на различни начини, врз некои или врз сите аспекти на активностите или проектите на глобалното образование, одговарајќи на повеќекратни функции и на еден голем, променлив спектар на потреби.

### Што е предмет на процесот на евалуација?

Може да се евалуираат сите аспекти на глобалното образование – методологијата на учење, ресурсите, алатките, средината за учење, прашањата од наставната програма, надлежностите на воспитувачите, знаењата на учениците, видот на активностите, планирањето, стратегијата за комуникација, вклученоста на луѓето, влијанието врз локалните реалности, итн. Она што на крајот е важно, е да во нашата учебна група се препознаат тенденциите или знаците на промена од културата на индивидуализам во една култура на партнерство базирано на дијалог и соработка, како што е објаснето во соодветната глава.

Луѓето често прашуваат што го прави еден процес на евалуација на глобалното образование поразличен од било кој друг процес на евалуација на образованието. Не е потребно одговорот да се бара надвор од границите на современите педагошки и евалуациски теории. Одговорот може да се најде во кохерентноста помеѓу целите и методологиите на глобалното образование како и “зошто, што и како” се одвива еден процес на евалуација на глобалното образование.

## А. ЗОШТО НИ Е ПОТРЕБНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ?

### Дали навистина е потребна евалуација за практикувачите во глобалното образование?

Развивањето на една култура на евалуација кај сите луѓе кои се вклучени претставува предизвик за глобалното образование. Очигледно, процесот на евалуација треба да биде во согласност со проблемите на глобалното образование. Глобалното образование на луѓето им овозможува да развијат вештини за критичко размислување и анализа, истражување и мулти-перспективен пристап кон заедничките проблеми, за да се справи со контрадикциите и стереотипите. Таа им помага на луѓето да развијат вредности и ставови на самоспознание и визија, за дијалог и соработка, за отвореност и одговорност кон нашиот заеднички свет. Тоа ги охрабрува луѓето да развијат една глобална визија и позитивен пристап за тоа како да го подобриме светот во кој што сите живееме.

Паралелно на тоа, развивањето на една култура на вреднување значи дека и воспитувачите и учениците стануваат способни да соработуваат за лично и подобрување на групата преку критичен, мулти-перспективен пристап во нивната работа. Бидејќи евалуацијата ја вклучува димензијата на самопроценка, не само што учениците но, исто така, и воспитувачите треба да се охрабрени да ги подобрат своите сопствени вештини и надлежности за да ја одиграат својата улога како одговорни, вредни воспитувачи во нашиот глобализиран свет. И бидејќи евалуацијата бара еден сложен, мулти-призматичен и не-линеарен пристап, луѓето кои се вклучени во процесот на евалуација стануваат по свесни за сложеноста на факторите поврзани со образованието и за потребата од меѓусебно поврзување на различни елементи, за да се разбере и да се подобри светот во кој живееме.

## Како практикувачите често гледаат кон евалуацијата?

Иако луѓето ја препознаваат потребата за евалуација, многумина практичари не сакаат да се вклучат во процес на евалуација, а понекогаш му се спротивставуваат на процесот или ги игнорираат резултатите од евалуацијата. Бидејќи евалуацијата често се замислува како контрола на нивната работа, а понекогаш дури и поврзана со неа, тие се плашат дека може да ги доведе во прашање нивните професионални надлежности и дури и да ја загрози нивната работа. Ова е поради тоа што евалуацијата често се сфаќа како една надворешна процедура која одзема многу време, понекогаш е тешка, здодевна и не-инспиративна бирократска процедура. Воспитувачите се жалат дека поминуваат повеќе време за известување отколку за делување. Тоа е причината зошто евалуацијата не може да биде “принуден” процес кој доаѓа со одлука од “горе-долу”. Напротив, процесот на евалуација на глобалното образование треба да се одлучува и осмислува преку една постапка “од долу-на горе”, при што практикувачите ја откриваат потребата за вклучување во процесот на евалуацијата, бидејќи тие сфаќаат дека евалуацијата е дел од нивната методологија која им овозможува да ја подобрат својата работа на систематски начин и да бидат свесни за сите фактори кои влијаат на ефикасноста на нивната работа.

## Која е целта на еден процес на евалуација?

Целта на евалуацијата е поврзана со стратегијата, методите и целите на нашите активности. Практикувачите на глобалното образование треба да ја евалуираат својата работа со цел:

- *да бидат посвесни и да размислуваат за нивната методологија или стратегија*
- *да ја проверат соодветноста на проектот за учебната група*
- *да го разберат влијанието на ресурсите кои ги применуваат во процесот на учење*
- *да ја измерат ефикасноста на нивните методи*
- *да ги измерат промените на вештините и знаењата*
- *да ги измерат промените на ставовите и однесувањето*
- *да ги анализираат и синтетизираат односите помеѓу целите и методите*
- *да добијат повратна информација и да ги подобрат идните активности*
- *да го преиспитат а потоа да се обидат да го решат проблемот на кооперативен начин*

- *да ги преиспитаат нивните практики и да ги направат потребните промени*
- *да се чувствуваат ценети и да бидат по инспирирани за понатамошните активности*

На институционално ниво, повеќе отколку претходните барања, резултатите од евалуацијата може да бидат исклучително корисни за:

- *мерење на ефикасноста на еден процес во однос на неговите цели и задачи*
- *мерење на промени во вештините и знаењата во однос на методите и ресурсите*
- *мерење на промени во ставовите во однесувањето на луѓето во однос на методите и ресурсите*
- *постигање на признание и видливост за еден проект*
- *прибирање на добри практики*
- *подобрување на искуството од еден на друг проект*
- *спроведување на споредбена анализа на различните методи кои се користат во еден проект*
- *градење на заемно разбирање на проектот*
- *анализирање на резултатите во однос на претходните искуства*
- *споделување на резултатите со различни групи на засегнатите луѓе (т.е. партнери) за максимизирање на потенцијалот на искуствата*
- *собирање на финансиски средства*
- *споредување со слични активности во другите земји, кои се затворени за слични ситуации*
- *подобрување на побарувачката за промени на политиките на локално, регионално  или национално ниво*
- *јакнење на институционалната работа во поглед на количеството и квалитетот*
- *поттикнување на зголемена и подобрена акција и вмрежување*
- *зголемување на капацитетот за развој преку квалитативни критериуми*

## Б. КАКОВ ВИД НА ЕВАЛУАЦИЈА Е СООДВЕТЕН ЗА НАШАТА РАБОТА?

Постојат различни процедури за евалуација и различни методи на евалуација според луѓето кои се вклучени, временскиот распоред, алатките кои се користат, целите а особено контекстот на нашиот образовен проект. Различни алатки се користат за евалуација на различни видови на процеси. Не е иста евалуацијата на процесот на учење и резултатите од учењето или влијанието на проектот, со евалуацијата на еден стратешки план за некој проект или организациските перформанси и менаџмент.

Сепак, сите процедури за евалуација во целина ги земаат во предвид следниве разлики помеѓу:

### Самоевалуација, интерна и екстерна евалуација

Направено е важно разграничување помеѓу самоевалуацијата и интерната евалуација за групна работа и исто така, помеѓу самата интерна и екстерна евалуација.

#### Самоевалуација

Самоевалуацијата е апсолутно неопходна за разгледување и подобрување на нашите сопствени методи. Таа бара вештини на самоспознание и самокритика. Таа е базирана на природната волја за личен развој и доживотно учење. Кога луѓето спроведуваат самоевалуација, имаат чувство на ангажираност и одговорност кон целата нивна работа.

Самоевалуацијата никогаш не е доволна за процесот на евалуацијата, но им е неопходна на практичарите за да бидат свесни за својата работа. Таа е појдовна точка во процесот на евалуација - повторно размислување за нашите обврски и изведба поврзана со одредена активност. Покрај тоа, ние треба да запомниме дека практикувачот делува во рамките на контекстот, во меѓусебно поврзување со други фактори поврзани со неговата работа. Па затоа, самоевалуацијата има свои ограничувања и е подинамична во комбинација со други форми на евалуација, кои вршат мерење на други елементи на процесот на учење. Самоевалуацијата не се однесува само на практикувачите туку и на учениците. Додека процесот на учење е во тек, учениците го анализираат нивниот личен развој во однос на свеста за глобалните прашања. Глобалното образование, како учење кое се преобразува, им овозможува на учениците да бидат свесни за своите мисли, чувства и активности и исто така, го разбира нивото на нивната општествена одговорност и посветеност кон предизвиците на нашиот глобализиран свет.

### Интерна Евалуација

Интерната евалуација може да помогне во тимската работа во рамки на учебната или работната група и поддржува институционално вмрежување и развој. Таа бара доверба, постојана соработка и охрабрување помеѓу луѓето во групата. Како пречки често се појавуваат отпорноста на луѓето, конкуренцијата во рамките на групата, недостатокот на време или неподготвеноста. Тоа е причината зошто треба да бидат поставени јасни, објективни показатели од страна на тимот и исто така причината зошто партиципативните методи се попогодни за време на вкупниот процес. Луѓето мора да се вклучат во процесот на интерната евалуација со чувството дека целокупниот процес им припаѓа ним, така што тие стануваат рефлексивни практикувачи. Учениците, во својство на членови на учебната група на глобалното образование, треба да одиграат важна улога во процесот на интерната евалуација. Тие треба да учествуваат врз рамноправна основа давајќи сопствени гледни точки за процесот на учење, според нивните очекувања и потреби.

### Екстерна евалуација

Екстерната евалуација е пообјективна и мора да биде базирана на широко прифатените норми и стандарди. Понекогаш екстерната евалуација ги плаши луѓето, бидејќи слабостите на нивната работа не може да се скријат. Во тој случај, луѓето треба да се охрабрат да разберат дека евалуацијата се врши со единствена цел на подобрување а не критикување на извршената работа. Ако евалуаторот се гледа не само како "критичен пријател" со методолошки надлежности во глобалното образование, но исто така и како некој кој поради неговата или нејзината улога, треба да ја задржи потребната професионална оддалеченост и да ги координира различните процеси, екстерната евалуација на тимот ќе му ги обезбеди потребните внесови за подобрување на неговата работа.

Како во интерната така и во екстерната евалуација, предметот на евалуацијата, методите, критериумите и показателите, како и последиците мора јасно да му бидат објаснети на тимот и да бидат прифатени. Исклучително е важно екстерниот евалуатор да одржи советодавни средби со групата пред поставување на индикаторите, така што тој/таа може да ги земе реалностите на тимот во предвид. Последно, но не и најмалку важно, процесот на евалуација мора да ја почитува само-автономноста и личните ставови и животи.

Комбинацијата на интерната и екстерната евалуација може да биде многу плодна за една компаративна анализа на резултатите, според критериумите, индикаторите и методите. Интеракцијата меѓу двете форми на евалуација е многу корисна и ја зголемува валидноста на процесот.

## Првична, формативна и финална евалуација

Направено е уште едно разграничување помеѓу почетната, формативната и финалната евалуација. Извршете првична евалуација, пред да започнете со вашиот проект, за да добиете информации потребни за идентификување на проблемите, мерење на знаењата и вештините, за разбирање на вредностите и ставовите и поставете ја вашата стратегија.

Користете ја формативната евалуација во раните фази на вашиот проект или активност за да го поддржите неговото имплементирање и развој, а потоа за време на вашиот проект или активност да ги идентификувате проблемите и да ги истражите решенијата, да ја прилагодите и подобрите вашата програма според резултатите од процесот на евалуација.

Користете ја финалната евалуација по завршувањето на вашиот проект или активност за да ја измерите ефективноста и да размислите за вашата методологија и да ја подобрите за во иднина.

Доколку е можно, користете ги двете процеси за постојано следење на вашата работа. Во тој случај, мора да имате во предвид дека резултатите од секој процес се однесуваат на распоредот и повратните информации од формативната евалуација на вашата работа. Ако постои интеракција помеѓу формативната евалуација и вашата работа, резултатите од финалната евалуација се охрабрувачки и перспективни.

Една пост-евалуациска постапка може да биде многу корисна во мерење на ефикасноста на самата постапка на евалуација во однос на нашата работа.

## Квалитативна и квантитативна евалуација

Направено е важно разграничување помеѓу квалитативната и квантитативната евалуација. Иако квантитативната евалуација е полесна отколку квалитативна и двете се неопходни за да се обезбеди квалитет на систематски начин. Затоа, кога спроведуваме една методологија на глобалното образование, треба да ги процениме доказите како од квантитативна така и квалитативна природа. Покрај тоа, квантитативната често ни дава показатели на квалитативната евалуација. На пример, бројот на учесници во еден проект или активност, бројот или фреквенцијата на активностите, настаните, соопштенијата, публикациите, употребените материјали

и сл, се индикатори за квантитативна евалуација. Како и да е, овие мерења може да ни дадат показатели за квалитативната евалуација, ако на пример користиме критериуми кои се однесуваат на потеклото на собраните податоци за интересите на луѓето или критериуми кои се однесуваат на причината за овие бројки во социјалниот контекст или во учебната група поврзани со влијанието или нашиот проект. Овој вид на комбинација помеѓу квантитативните податоци и квалитативните критериуми може да не води кон една по сеопфатна анализа на вредноста и ефикасноста на проектот. Повеќе од тоа, квалитативната евалуација е потребна за процесот на формативното оценување, за постојано подобрување на нашиот образовен процес, додека квантитативната евалуација често се користи во финалната евалуација за собирање на мерливи податоци.

## Ц. КАКО ДА СЕ СПРОВЕДЕ ЕВАЛУАЦИЈАТА?

Како што е веќе кажано, постојат различни методи на евалуација, поврзани со “зошто”, “кога”, “кому” и “како” му се применува процесот. Сепак, процесот на евалуација ги прикажува заедничките карактеристики во врска со потребните чекори кои треба да се следат:

### Идентификување на предметот

Најпрвин треба да идентификуваме што сакаме да евалуираме и што е можно да се евалуира. Имајќи во предвид дека е полесно да се проценат промените во знаењата и вештините отколку долгорочните промени во вредностите и ставовите, “предметот” на евалуацијата мора да биде конкретен и мерлив, во рамките на контекстот на нашата работа. Вредностите и ставовите не се лесно мерливи, па ние може да дефинираме теми за евалуација во врска со нив (т.е. промени во специфичното однесување). Повеќе од тоа, ние може да евалуираме некои од проблемите на нашата активност или проект поврзани со нашите цели и задачи, а не задолжително со целата програма. Затоа, во јавните политики и долгорочните програми, во евалуацијата на целото често е потребно да се анализира влијанието на глобалното образование во конкретен контекст, а потоа да се рефлектира на образовната политика и да се подобри целата програма во рамките на еден холистички пристап.

## Дефинирање на критериуми и показатели

Критериумите и индикаторите треба да се изберат пред изборот на методот на евалуацијата. Исто така неопходно е да се направи разлика помеѓу критериумите и показателите. Еден критериум се поставува преку лично запрашување за проблемите на нашиот предмет во однос на квалитетот на нашата работа, кога еден показател е поставен преку одговарање на прашањето: “како го мериме овој критериум”?

На пример, критериумот за влијанието на една симулативна активност го претставува степенот на предизвиканата рефлексија, која мора да биде поврзана со нашите цели. Релевантен показател може да биде бројот на поставените прашања од страна на учесниците или бројот на учесниците кои реагираа со преиспитување или изјаснување.

## Избирање на метод и собирање на податоци

Постојат различни методи на евалуација поврзани со една методологија на глобалното образование. Од еден широк спектар на методи, изберете го соодветниот метод за вашата работа, по можност партиципативен. Колегијалните ревизии, пилот евалуацијата, студиите на случај, контекст анализите, SWOT анализата, проценката на влијанието, може да ви дадат рамка.

Потоа врз вашиот процес на евалуација применете интервјуа, консултации, тимски посети, партиципативни активности, работилници за дискусија, дебати и забелешки проследени од работата на групата за дискусија. Побарајте од вашата учебна група да одговори на прашалници, пишува дневници за учење, да организира портфолио, да подготви индивидуални или групни извештаи или други документи, да собира податоци или направи слика или постер на евалуацијата. При евалуација на проект или активност на глобалното образование, од суштинско значење е да се користат методи за евалуација во согласност со методите на учење. Особено се поттикнуваат партиципативните активности, како “Светско кафе” или “движење во простор за искажување на нашето мислење или тркалезните маси.

## Толкување и анализирање на информации

Следен чекор по прибирањето на податоци е толкувањето и анализата на информациите во областите на перформансите врз кои сме избрале да се фокусираме а во врска со нашите критериуми и цели. При анализа на информации кои доаѓаат од процесот на евалуација, важно е да се направи разлика помеѓу целите на евалуацијата и целите на проектот или активноста која се евалуира. Исто така е важно да се обидеме да го разбереме и невиденото и некажаното во информациите кои доаѓаат од луѓе кои се вклучени, кои се исто така, поврзани со средината за учење и нашите методи.

## Соопштување на резултатите

Партиципативниот процес подразбира дека сите засегнатите луѓе треба да дознаат за резултатите од процесот на евалуација, да расправаат за нив и да соработуваат за следниот чекор.

## Развивање на стратегии за подобрување

Како што веќе споменавме, евалуацијата не е цел сама по себе. Резултатите од евалуацијата треба да се употребат за рефлексија на нашата методологија, за генерирање на нови перспективи и нови цели и да развијат стратегии за подобрување на нашата работа.

ГЛАВА Е

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Asbrand Barbara & Lang-Wojtasik Gregor, Нирнбершкиот Универзитет/GENE-Работна Група за евалуацијата, Германија

Birzea, César - Civic Culture Граѓанска Култура, Editura Trei, Букурешт,1999

Birzea, César - Образование за демократско граѓанство: перспектива на доживотно учење, Советот за Културна Соработка (CDCC). Совет на Европа, Стразбур, 2000

Beljanski-Ristic, Ljubica - Драма Во Образованието, Модел CEDEUM, Белград, 2001

Benett, C.I. - Сеопфатно Мултикултурно Образование, Ally & Bacon Co., Бостон Лондон/Торонто, 1990

Bennett, C. - Зајакнување на мултикултурните и Глобалните перспективи во наставната програма, во A. K. Moodley (ed.), Зад Мултикултурното Образование: Меѓународни Перспективи, Detseling Enterprises Ltd., Калгари, Алберта, 1992

Boal, Augusto, Exercices pour acteurs et non-acteurs - “Вежби за актерите и не-актерите” Ed. Maspero, Париз, 1978

Boal, Augusto – Театар на Угнетените, Ed. Група на Театарски Комуникации, Њу Јорк, 1985 Brown, H.D. - На пат кон 21 век. Сан Франциско, САД, 1990

Cabezudo, A. - Кон Глобалното Учење. За Демократијата и Образованието, Универзитетот во Росарио/Училиште за Образование, Росарио, Аргентина. Во тек (2007-08)

Cates, K. – Глобалното Образование и Учењето на Странски Јазици: Теорија & Пракса, Списанието на Факултетот за Општо Образование, Тотори Универзитет Бр.24 Октомври 1990

Dasen, Pierre - Fundamentele stiintifice ale unei pedagogii interculturale, in Educatia interculturala. Experiente, politici, strategii, ‘Научни Основи на Интеркултурната Педагогија во Меѓукултурното Образование. Искуства, Политики, Стратегии” Полиром, Иаси, 1999

Dasen, P., Perregaux, Ch., Rey, Micheline – Интеркултурното Образование. Искуства, Политики, стратегии, Полиром, Иаси, 1999

DEA: Effectiveness in Global Education - 'Ефикасноста во Глобалното Образование", http://www.dea.org.uk/info/projects/effectiveness

Delors, J. Apprendre - Un trésor est caché dedans, Париз, Ed. Odile Jacob, 1996

Eisler, R. - The Chalice and the Blade, "Пехарот и сечилото' Harper и Row, Сан Франциско, 1988

Freire, Paulo - Pedagogy of Oppressed, "Педагогоија на Угнетените" ЊЈ, 1982

Fukunaga,Y. - Teaching Global Issues through English Movies – Учење за Глобални Прашања преку Англиски Филмови, Глобални Прашања во Билтенот за Учење на Јазици. Бр. 30, Март 1998,Тотори, Јапонија Japan

Galtung, Johan - Conflict Transformation by Peaceful Means – „Трансформација на конфликти по мирен пат„, Женева, ОН, 2000

GENE – Мрежа на Глобалното Образование Европа - Учење за едно Глобално Општество. Евалуацијата & Квалитетот во Глобалното Образование, Постапките на ГЕНЕ конференцијата, Лондон, Септември 2003

Haavelsrud, Magnus - Вовед во дебатата за Мировното Образование, на Меѓународната Ревија за Образованието, 29, 3, 1983

Haavelsrud, M. - Суштината на Мировното Образование, на Меѓународен Воспитувач, 1995

Hannoun, Hubert - Les Ghettos de l'école. Pour une éducation interculturelle „Гетата на училиштето. За интеркултурно образование", ЕСФ, ПАриз, 1987

Hanvey, R. - An Attainable Global Perspective „Една Достижна Глобална Перспектива", Центар за Воени/Мировни Студии, Њу Јорк, 1975

Hinkelman, D. - „Overseas Tours to Research Social Issues - Прекуокеански Турнеи за истражување социјални прашања". Учител на Јазици. Вол. XVII Бр. 5 мај 1993, Токио

Kniep,W. - A Critical Review of the Short History of Global Education - Еден критички осврт на Кратката Историја на Глобалното Образование, Њу Јорк: Американски Форум за Глобалното Образование, 1985

Maley, A. – „Global Issues in ELT Глобалните Прашања во УАЈ". Практична Англиска Настава.Вол. 13 Бр. 2, Декември,1992, Лондон

Mestenhauser,A.J. - „Travelling the Unpaved Road to Democracy from Communism: a Cross-cultural perspective on Change - Патување низ непоплочен пат до Демократија од Комунизмот: меѓу-културна перспектива околу Промената„, во Високото Образование во Европа, XXIII, 1, УНЕСКО, 1998

Munoz, Marie-Claude - „Les pratiques interculturelles en education - Практиките во интеркултурното образование„, во J. Demorgon, E. M. Lipiansky (коорд.), „L'école confrontée a la diversité culturelle - Училиштата се соочуваат културните„ разлики, во Водич за Интеркултурна Обука, Тетз Париз, 1999

Niklas Luhmann, Niklas / Schorr, Karl Eberhard – „Reflexionsprobleme im Erziehungssystem - Одраз на проблемите во образовниот систем„, Франкфурт/М.: Suhrkamp 1999

Provo, J. - Учење за Светските Прашања, Дневен Весник Јомиури, Токио, Март 1993

Reischauer, E. - Кон 21 првиот век, Њу Јорк, 1973

Rey, Micheline – „Piège et défi de l'interculturalisme - Замките и предизвиците на интеркултурализмот", во Постојано Образование, 75, 1984

Scheunpflug, Annette unter Mitarbeit von Claudia Bergmüller und Nikolaus Schröck - „Evaluation globalen Lernens - Евалуација на глобалната учење„Eine Arbeitshilfe - Работна Помош, Штутгарт, Brot für die Welt - Леб за светот, 2002 година

Toffler, Alvin – „Al treilea val - На третиот бран„, Едитура Политика, Букурешт, 1983

Touraine, Alain – „Faux et vrais problèmes, in Une société fragmentée - Лажни и вистински проблеми, во едно фрагментирано општество?„ Le multiculturalisme en débat, Edition La Découverte, Парис, 1996

## ЛИСТА НА ИЗВОРИТЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Книги

Drew, N. - „*Learning the Skills of Peace-making Учење на Вештините Креирање на мирот*„, Jalmar Press, САД, 1995

Elder, P. - *Worldways: Bringing the World Into Your Classroom Внесување на светот во вашата училница*, Addison- Wesley, САД, 1987

Fisher,S. & Hicks, D. - *World Studies - Светски Студии*, Oliver & Boyd, Њу Јорк, 1985

Hicks, D & Steiner, M. - *Making Global Connection - Создавање на Глобални Врски*, Oliver & Boyd, Њу Јорк, 1989

Kniep,W. - *Next Steps in Global Education – Следните чекори во Глобалното Образование*, Њу Јорк, 1987

Lewis, B. - *The Kids Guide to Social Action –Детскиот Водич за Социјална Акција* , Free Spirit, САД, 1998

Milord, S. - *Hands around the world: cultural awareness & global respect - Раце околу светот: културната свест & глобалната почит*, Williamson Ed., 1992 Pike, G.& Selby, D. - Global Teacher, Global learner – Глобалниот Учител, Глобалниот Ученик, Hodder & Stoughton, Лондон, 1988

Pike, G. & Selby, D. - In *the global classroom – Во глобалната училница*, Пипин Изданија, Торонто, 1999

### Извори

*Учиме да живееме заедно. Една интеркултурна и меѓуверска Програма за етиката на образование. Фондацијата Arigatou во соработка, и под покровителство на УНЕСКО и УНИЦЕФ,* 2008

*Учење за Служба: Лекции, планови и проекти, Образовна Програма за Човековите Права, Amnesty International & Образованите соработници на Human Rights, HREA, март,* 2007 година

## ОБРАЗОВНИ ИЗВОРИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

### КОМПАС (COMPASS)

КОМПАС е изготвен во рамките на Младинската Програма за Образование за Човековите Права на Дирекцијата за Млади и Спорт на Советот на Европа. Програмата има за цел да ги стави човековите права во центарот на младинската работа и со тоа да придонесе за доведување на образованието за човекови права во главните текови.

***http://eycb.coe.int/compass***

### DOMINO

Упатството за употреба на група на врсници при образование, како средство за борба против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата. Види исто така Вонземјанин 93, Младинска организација за борба против расизмот и ксенофобијата.

***http://eycb.coe.int/domino***

### ОБРАЗОВНИОТ ПАКЕТ

Идеи, ресурси, методи и активности за неформално меѓукултурно образование кај младите и возрасните.

***http://eycb.coe.int/edupack***

### ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА, Секвенции од Лекциите за Основните Училишта

***http://www.coe.int***

### ЕДУКАТИВНИ ИНФОРМАТИВНИ ЛИСТОВИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Европската Конвенција за Човековите Права - почетни точки за наставници

***http://www.coe.int***

### T-KITS: КОМПЛЕТИ ЗА ОБУКА

Комплетите за обука се тематски публикации напишани од страна на искусни младински обучувачи и други експерти. Тие се прирачници - лесни за користење, за употреба во обука и студиски сесии. Т-комплетите се произведени од страна на Младинската Дирекција.

***http://www.coe.int***

### ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА ДЕМОКРАТСКИ УЧИЛИШТА БЕЗ НАСИЛСТВО

На иницијатива на Советот на Европа, младите луѓе од цела Европа ја подготвија Европската Повелба за Демократски Училишта без Насилство, врз база на фундаменталните вредности и начела споделени од страна на сите Европејци, особено оние кои се поставени во Европската Конвенција за Заштита на Човековите Права и Фундаментални Слободи на Советот на Европа.

***http://www.coe.int***

---

ПРИЛОГ 1

# МАСТРИШКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

ЕВРОПСКА СТРАТЕШКА РАМКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕВРОПА ДО 2015 ГОДИНА

## “МАСТРИШКАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ГЛОБАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ”

**СЕ ЕВРОПСКИ КОНГРЕС ЗА ГЛОБАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ,**
МАСТРИХТ, ХОЛАНДИЈА, 15-17 НОЕМВРИ, 2002

- *Остварување на милениумските цели,*
- *Учење за оддржливоста*
- *Зголемена заложба за глобалното образование за зголемена критичка јавна поддршка*

Ние, делегациите учеснички на 15-тиот СЕ Европски Конгрес на Глобалното Образование, Мастрихт, ноември 15 - 17, 2002 година, претставувани од парламентарци, влади, локални и регионални власти и организации на граѓанското општество од земјите-членки на Советот на Европа, со желба да придонесеме за процесот на следење на Светскиот Самит за Оддржлив Развој и за подготовките за Декадата на Образованието за Оддржлив Развој на Обединетите Нации.

### 1. Се повикуваме на:

- Меѓународните заложби за глобалниот одржлив развој дадени на неодамнешниот Светски Самит за Одржлив Развој и за развојот на едно глобално партнерство за намалување на глобалната сиромаштија како што е истакнато во Милениумските Развојни Цели на ОН.

- Меѓународните, регионалните и националните заложби за зголемување и подобрување на поддршката за Глобалното Образование, како образование кое ја поддржува потрагата на луѓето за знаење околу реалностите во нивниот свет и ги ангажира нив во критичното глобално демократско граѓанство кон поголема правда, оддржливост, еднаквост и човекови права за сите (Види Додаток 1).

- Дефинициите на North-South Центарот на Советот на Европа за Глобалното Образование (2002)

- *Глобалното образование е образование кое на луѓето им ги отвора очите и умот кон реалностите на светот, и ги буди нив за да придонесат за еден свет на поголема правда, еднаквост и човекови права за сите.*
- *Глобалното образование се подразбира да го опфати Образованието за Развој, Образованието за Човекови Права, Образование за Оддржливост, Образованието за Мир и Превенција на Конфликти и Интеркултурното Образование; кои се глобални димензии на Образованието за граѓанство.*

## 2. Длабоко свесни за фактот дека:

- Огромните глобални нееднаквости опстојуваат и основните човекови потреби, вклучувајќи го и правото на образование (како што е споменато во Декларацијата на Дакар за Образование за Сите), не се исполнети за сите луѓе;
- На демократските процеси на одлучување им е потребен политички дијалог помеѓу информирани и овластени граѓани и нивните избрани претставници;
- Темелните трансформации на моделите на производство и потрошувачка потребни за постигање на одржлив развој може да се реализираат само ако граѓаните, жените и мажите подеднакво, имаат пристап до соодветни информации и ја разбираат и се согласуваат со потребата да се делува;
- Добро осмисленото и стратешки планираното Глобално Образование, кое исто така води сметка за родовите прашања, треба да придонесе за разбирањето и прифаќањето на таквите мерки.

## 3. Признавајќи дека:

- Европа е континент чии луѓе се извлечени од / и се присутни во сите делови од светот.
- Живееме во сЕ повеќе глобализиран свет каде што прекуграничните проблеми мора да се пресретнат преку заеднички, мултилатерални политички мерки.
- Предизвиците за меѓународната солидарност мора да се пресретнат со цврста решителност.
- Глобалното Образованието е од суштинско значење за зајакнување на јавната поддршка за трошењето за развојната соработка.
- На сите граѓани им е потребно знаење и вештини за да разберат, да учествуваат и критички да соделуваат со нашето глобално општество во својство на овластени глобални граѓани. Ова претставува основен предизвик за сите области на животот вклучувајќи го и образованието.
- Постојат свежи предизвици и можности за вклучување на Европејците во форми на образование за активно локално, национално и глобално граѓанство и за одржлив начин на живеење за да се делува спроти губењето на довербата на јавноста во националните и меѓународните институции.
- Методологијата на Глобалното Образование се фокусира на поддршка на активното учење и поттикнување на одразувањето со активно учество на учениците и воспитувачите. Таа ја слави и промовира разноликоста и почитувањето на другите и ги поттикнува учениците да го направат нивниот избор во сопствениот контекст во однос на глобалниот контекст.

## 4. Согласувајќи се дека:

Еден свет кој е правичен, мирен и одржлив е во интерес на сите. Бидејќи горните дефиниции на Глобалното Образование го вклучуваат концептот на Образование за Оддржлив Развој, оваа Стратегија може да се вклучи во следењето на неодамнешниот Светски Самит за Оддржлив Развој и да служи како подготовка за Декадата на Образованието за Оддржлив Развој на ОН, со почеток во 2005.

Бидејќи Глобалното Образование е меѓу-секторска обврска, може значително да придонесе за постигање на овие обврски. Пристапот до Глобалното Образование е потреба и право. За ова ќе треба:

- Зголемена и подобрена соработка и координација помеѓу меѓународните, националните, регионалните и локалните чинители;
- Активно учество и посветеност во следењето на овој Конгрес на сите четири категории на политички актери - пратеници, влади, локални и регионални власти, како и граѓанското општество (quadrilogue) кои се вклучени во тековните корисни политички дискусии во рамките на North-South Центарот;
- Значително зголемено дополнително финансирање, на национално и на меѓународно ниво;
- Зголемена поддршка преку Министерствата за Развој и Соработка, за Надворешни Работи, Трговија, Животна Средина а особено Министерството за Образование за да се обезбеди целосна интеграција во наставната програма на формалното и неформалното образование на сите нивоа.
- Меѓународни, национални, регионални и локални механизми за поддршка и координација;
- Значително зголемена соработка меѓу Северот и Југот и меѓу Истокот и Западот.

## 5. Желбата за да се посветиме себеси и земјите членки, организациите на граѓанското општество, парламентарните структури и локалните и регионалните власти кои ги претставуваме да:

